Република Северна Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје
Факултет за ветеринарна медицина-Скопје

Република Северна Македонија
Универзитет СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ во Скопје
ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА во СКОПЈЕ

| Примена: | 17. 12. 2021 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 03 | 1816 | | |

# ИЗВЕШТАЈ

за работата на деканот на Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје
при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје за 2021 година

**Проф. д-р Лазо Пендовски**

Скопје, Република Северна Македонија

# Содржина

1. Вовед........................................................................................ 3

1.1. Избор на декан на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје ........ 5

1.2. Отворање на ЕДУВЕТ ДООЕЛ-Скопје, друштво со ограничена одговорност основано од едно лице........................................................ 7

2. Наставно-образовна дејност........................................................ 10

2.1. Додипломски студии (интегриран прв и втор циклус) по ветеринарана медицина........................................................ 11

2.2.Интегрирање на практичната настава со ИСО 17 025 ситемот за квалитет........................................................ 15

2.3. Наставно-образовен процес во 2021 година во услови на пандемија со Ковид 19........................................................ 16

2.4. Наставно-научен кадар, демонстратори и стручни лица од практиката во реализацијата на наставно-образовниот процес на ФВМС........................ 19

2.5. Упис на нови студенти на додипломски студии во учебната 2021/2022 година........................................................ 28

2.6.Последипломски студии – специјалистички студии........................ 32

2.7. Последипломски студии – докторски студии........................ 34

2.8. Континуирано образование........................................................ 36

3. Научно-истражувачкадејност........................................................ 42

4. Применувачка дејност........................................................ 53

4.1. Акредитација на методи во лабораториите на ФВМС по станадардот ISO 17025........................................................ 54

5. Инвестиции за развој на Факултетот........................................................ 57

6. Меѓународна соработка и активности на општествено ниво........................ 64

7. Кадровска состојба на Факултетот........................................................ 71

8. Студнети, студентска организација и студентски активности........................ 74

9. Унапредување на условите и организацијата во финансиското работење со подобрување на материјалната состојба на Факултетот........................ 77

10. Работа на органите на управување на Факултетот........................ 80

11. Заклучок........................................................ 85

# 1. ВОВЕД

Извештајот за работата на Деканот на Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје, проф. д-р Лазо Пендовски за работата на Факултетот, се поднесува врз основа на членот 114 од Законот за високото образование (Службен весник бр. 82/2018 година), членот 243 од Статутот на Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје (Универзитетски гласник бр. 425 јуни 2019) и членот 67 од Статутот на Факултетот за ветеринарна медицина (Универзитетски гласни бр. 460, 18 октоври 2019) каде деканот е должен еднаш во годината да поднесе извештај за работата до Наставно-научниот совет и до Ректорот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Извештајот за работата на деканот се поденесува во услови на пандемија со болеста Ковид-19 во 2021 година, кога на Факултетот имаше голем број на активности а поради обемниот карактер во извештајниот период се истакнати само дел од нив заедно со најзначајните постигнати резултати кои доприенсоа за унапредување на дејностите на Факултетот.

Работата на Деканот се одвиваше врз основа на позитивната законска легислатива, Законот за високото образование, актите на Универзитетот и Факултетот, поднесената програма за работа на Деканот, Стратегија за развој на 2018-2023 почитувајќи ги и применувајќи ги донесените акти на органите на управување Деканатската управа и Наставно-научниот совет на Факултетот, со цел иден развој, унапредување и создавање на нови капацитети.

Деканот заедно со Деканатската управа во оваа година работеа на подобрување на високообразовната, научноистражувачката, апликативната и клиничката дејност каде и во услови на отежната работа поради епизотолошката состојба во земјата, редовно се одржуваа комбинирани (он-лајн и со физичко присуство) предавања и практична настава за студентите а со тоа успешно се реализира наставниот процес во 2021 година на Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје, работниот процес не беше

прекинат ниту во еден момент а лабораториската и клиничката работа се одвиваа со зголемен интензитет на активности што преставуава императив во при раководењето на Факултетот.

Како и секоја година, така и оваа 2021 година, главната цел и заложба при работата на деканот беше кон исполнување на мисијата и целите на Факултетот, доследно претставување на Факултетот, на академскиот кадар, на студентите и на сите вработени како и создавање на услови за негов иден развој.

Активностите воглавно беа насочени кон:

- унапредување на високобразовната дејност на Факултетот преку доследна имплеменатација на студиските програми од интегрираните додипломски студии по ветеринарна медицина од прв и втор циклус и во услови на пандемија со Ковид 19,
- имплементација на воведените специјалистички последипломски стручни студии по Безбедност и квалитет на храна како и унапредување и подобрување на докторските студии од трет циклус;
- подигнување на капацитетите за научно-истражувачката дејност и создавање на нови можности за аплицирање и изведување на научно-истражувачки проекти од национален и меѓународен карактер.
- развој и унапредување на клиничката дејност преку развивање на капацитетите на Универзитетската ветеринарна болница на Факултетот;
- унапредување на применувачката дејност на Факултетот преку набавка на нова и современа опрема како и одржување на постојната опрема во лабораториите на Факултетот, континуирано одржување на тековните и акредитација на нови методи по стандардот EN ISO/IEC 17025 како и проширување на опсегот на апликативната работа во сите сегменти на делување на Факултетот со проширување на листата на комитенти и потпишување на договори за извршување на апликативни услуги и континуирана обука на вработените за лабораториската дејност;

- завршување на постапката за основање на Друштво со ограничена одговорност основано од едно лице – ДООЕЛ
- реновирање и осовременување на постојните просторни капацитети на Факултетот за изведување на високобразовна и применувачка дејност;
- грижа за студентите и нивна поголема вклученост во наставниот процес како демонстратори на катедрите но исто така и нивно вклучување во научно-истражувачкиот и апликативниот процес на Факултетот;
- отворање на можности за напредувања на вработените во наставно-научни и научни звања како и вработување на млад персонал на катедрите, лабораториите и во админстративната служба;

Во воведниот дел на извештајот посебно ги издвојувам двата настана кои споед мене ја одбележаа 2021 година и ќе имаат особено влијание во понатамошниот развој на Факултетот и тоа:

- изборот на Декан на Факултетот за ветринарна медицина-Скопје за мандатен период 2021-2024 година и
- отворањето на Друштво со ограничена одговорност основано од едно лице – ДООЕЛ.

## 1.1. Избор на декан на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје

Бидејќи во 2021 година завршуваше мандатот на актуелниот декан, Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје донесе Одлука бр.0202-44/2 за започнување постапка за избор на декан на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје за мандатен период од 3 (три) години и со која се формира и Изборна комисија во состав од проф. д-р Василка Попоска – Треневска - претседател, проф. д-р Никола Адамов - член и проф. д-р Искра Цветковиќ – член за спроведување на постапката за избор на декан на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје .

Комисијата ја спроведе целата постапка и достви записник бр. 03–263 од 5.03.2021 година од работата на Изборната комисијата за спроведување на тајното гласање за избор на декан на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје за мандатен период од 2021-2024 години.

Согласно записникот, Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, врз основа на член 69 од Статутот на Факултетот и врз основа на член 238 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје (Универзитетски гласник бр. 425/2019), на својата 44. Седница одржана на 5.03.2021 година со почеток во 12 часот спроведе тајно гласање за избор на декан на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје за мандатен период од 3 година (2021-2024 година).

Претседателот на Изборната комисија, проф. д-р Василка Попоска Треневска, констатира дека во утврдениот рок за пријавување е поднесена една пријава од кандидатот проф. д-р Лазо Пендовски. Изборната комисија ја достави во утврдениот рок пријавата и програмата на кандидатот до сите членови на Наставно-научниот совет. Согласно член 69 став 1 од Статутот на ФВМС, Наставно-научниот совет го изврши изборот на декан на седница, со тајно гласање, на начин и во постапка утврдени со Статутот на Универзитетот и Статутот на Факултетот.

По извршениот увид во изборните материјали (гласачка кутија, гласачки список и гласачки ливчиња), Изборната комисија пристапи кон спроведување на тајно гласање за избор на декан на Факултетот. Се констатира дека Наставно-научниот совет го сочинуваат 37 членови а на седницата беа присутни 36 членови на ННС, односно присутни се повеќе од 2/3 од вкупниот број негови членови за полноважно одлучување во смисла на член 238 став 1 од Статутот на УКИМ.

Изборната комисија по спроведеното тајно гласање, утврди дека од вкупно запишани на гласачкиот список - 37, гласале вкупно 36 а има 1 неупотребено гласачко ливче, додека неважечки ливчиња нема.

По спроведеното непосредно и тајно гласање, Комисијата утврди дека кандидатот проф. д-р Лазо Пендовски доби 34 гласа „ЗА“ и 2 гласа „ПРОТИВ“.

По објавување на резултатите на Изборната комисија, согласно член 238 став 2 од Статутот на УКИМ, се констатира дека проф. д-р Лазо Пендовски доби мнозинство гласови од присутните членови на Наставно-научниот совет и со Одлука бр. 0202-217/1 од 5.03.2021 година е избран за декан на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје.

Одлуката со пропратната документација е доставена до Сенатот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје кој едногласно го потврди изборор на декан на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје.

## 1.2. Отворање на ЕДУВЕТ ДООЕЛ - Скопје, друштво со ограничена одговорност основано од едно лице

Уште во 2019 година, деканот проф. д-р Лазо Пендовски изјави дека сериозно размислува за преземање на конкретни активности за регистрирање на трговско друштво согласно членот 87 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија Бр. 82, 8 мај 2018), во кое Факултетот би се јавил како единствен основач доколку не се промени нешто во полето на вработување на нови кадри како и поради сложениот и рестриктивен систем на финансиско работење на државните институции кои го спречуваат развојот на Факултетот а притоа соочени со фактот на се посериозна конкуренција во однос на лабораторската активност на Факултетот.

Од тие причини, по иницијатива на Деканот и Деканатската управа, Наставно-научниот совет донесе одлука со која се отпочна постапка за формирање на друштво со ограничена одговорнсот ДООЕЛ за потребите на Факултетот за ветеринарана медицина- Скопје (Одлука бр. 0202- 831/7 од 10.05.2019 година).

Скоро една година подоцна, Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје на 30.09.2020 година донесе уште една Одлука бр. 0202-1264/13 со која се утврди потреба за отпочнување постапка за отворање на трговско друштво и формира Комисија за изготвување на информација во состав: проф. д-р Лазо Пендовски, проф. д-р Тони Довенски, проф. д-р Велимир Стојковски, проф. д-р Мишо Христовски, проф. д-р Владимир Петков и проф. д-р Дине Митров.

Комисијата се состана на ден 14.12.2020 година и изготви Информација со која даде предлог за отворање на "Друштво за услуги основано од едно лице ДООЕЛ".

Наставно - научниот совет на Факултетот на седницата одржана на 29.12.2020 година донесе Одлука бр. 0202-1632/2 со која се усвојува Информацијата (арх. бр. 03-1616 од 18.12.2020 година) за постапката за отворање "Друштво за услуги основано од едно лице ДООЕЛ" изготвена од Комисијата формирана со Одлука на Наставно-научниот совет бр. 0202-1264/13 од 30.09.2020 година.

Следејќи ги упатствата од Комисијата, Деканот заедно со членовите на Деканатска управа иницираа до членовите на Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарана медицина-Скопје да на својата редовна седница одржана на 16.04.2021 година донесат Одлука бр. 0202-437/11 со која се донесува Изјавата за основање на Друштво за услуги основано од едно лице – ДООЕЛ и се одобрува целокупната пропратната документација која е создадена за неговоото основање.

Деканот даде предлог друштвото да работи под називот "Центар за едукација, истражување, примена, развој и унапредување на ветеринарната медицина- ЕДУВЕТ- ДООЕЛ – Скопје" кој едногласно се прифати.

Согласно постапките, Изјавата за основање на Друштво за услуги основано од едно лице – ДООЕЛ и пропратната документација за основање се доставија до Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје каде Универзитетскиот сенат донесе Одлука бр. 02-633/7 од 25.5.2021 година со која се потврди Изјавата.

Понатаму, Деканот на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје објави Интерен оглас бр. 03-1177 од 30.08.2021 година за избор на Управител на Друштвото – Центар за едукација, истражување, примена, развој и унапредување на ветеринарната медицина ЕДУВЕТ ДООЕЛ – Скопје. До крајниот рок за пријавување на кандидатите, пријава поднесе само кандидатот проф. д-р Владимир Петков, заведена до арх. бр. 03-1179 од 30.08.2021 година. Деканатската управа ја разгледа пријавата и поднесената документација и врз основа на одредбите од Изјавата за основање на Друштвото - Центар за едукација, примена, развој и унапредување на ветеринарната медицина ЕДУВЕТ ДООЕЛ Скопје го предложи проф. д-р Владимир Петков за управител на Друштвото.

Наставно научниот совет донесе Одлука бр. 0201 - 1222/6 од 14.09.2021 година за избор на управител на Друштвото – Центар за едукација, примена, развој и унапредување на ветеринарната медицина ЕДУВЕТ ДООЕЛ Скопје и го избра проф. д-р Владимир Петков, редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје.

Дополнително поради процедурите во Централниот регостар на државата, Наставно научниот совет ја потвди Изјавата за основање на друштвото со забелешките од нормативно-правната комисија на УКИМ со Одлука бр. 0202- 1610/3 од 19.11.2021 година.

По поднесување на целокупната документација во Централниот регистар на Република Северна Македонија се донесе Решение за регистрација на друштвото со ЕМБС 7554575 како друштво во приватна сопственост чии сопственик е Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје при Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје.

Со отворањето на ЕДУВЕТ ДООЕЛ Скопје е оствари стратечката опреелба на ФВМ-С што е всушност и дел од програмата за работа на Деканот а и негова лична заложба.

Во периодот кој следи, како декан очекувам ЕДУВЕТ ДООЕЛ да допринесе за развој и унапредување на дејностите на Факултетот за што веќе се превземни активности кои ќе овозможат негово активно функционирање.

## 2. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Наставно-образовната дејност е основната дејност на Факултетот за ветеринарна медицина - Скопје за што е основан и таа отсекогаш има еден од највисоките приоритети во работата на Деканатот.

Во претходната учебна година особено внимание се посвети на имплементација на современи дигитални концепти во едукацијата на студентите по ветеринарната медицина. Факултетот спроведе низа дејствија за да овозможи наставата да се хармонизира со европските модели на високото образование соодветно за ветеринарната медицина.

Факултетот работата во наставно-образовното поле ја заснова врз основите на Болоњскиот процес, Законот за високото образование и подзаконските акти на Универзитетот и Факултетот почитувајќи ги принципите на Европските директиви кои се однесуваат за ветеринарното образование (2005/36/ЕС и 2013/55/ЕС).

Во таа насока, на ФВМС во 2021 година се реализираа следниве акредитирани студиски програми:

- интегрираните студии по ветеринарна медицина од прв и втор циклус на македонски и англиски јазик (додипломски студии);
- специјалистички стручни студии по Безбедност и квалитет на храна;
- докторски студии по ветеринарна медицина (трет циклус) и
- докторски студии по безбедност на храна (трет циклус).

Особено внимание во извештајниот период се посвети на уписната политика за нови студенти на акредитираната студиска програма на интегрирани студии од прв и втор циклус по ветеринарна медицина и специјалистичките стручни студии по Безбедност и квалитет на храна.

## 2.1. Додипломски студии (интегриран прв и втор циклус) по ветеринарана медицина

Една од основнните задачи на наставно-научниот кадар е имплементација на образовниот процес на Факултетот.

Со Одлука на Наставно-научниот совет бр. 0202 — 278/6 од 16.03.2021 година, Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје ги утврди и во 2021 година потребите за распишување Конкурс за запишување студенти во прва година во учебната 2021/2022 година на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за студиска програма од прв и втор циклус на интегрирани студии по Ветеринарна медицина и тоа бројот на редовни студенти во државна квота е 35, а бројот на редовни студенти со партиципација изнесува 15.

Распоредот на наставата се усогласи со универзитетскиот календар на активности на УКИМ, а распоредот на работни задачи на наставниците и соработниците на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје со списокот за покриеност на настава на интергираните студии за прв и втор циклус на студии на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје за учебната 2021/2022 година заедно со распоредот на предавањата и вежбите и распоредот на термини за пријавување на испитите и на термините на проверки на знаење со испитни рокови на интегрираните студии за прв и втор циклус студии на Факултетот за ветеринарна медицина - Скопје за учебната 2021/2022 годинае усвоен од страна на Наставно-научниот совет на Факултетот со Одлуките бр. 0202-1343/3, бр. 0202-1343/3-1 и бр. 0202-1343/3-2 и бр. 0202-1343/3-3 од 30.09.2021 година. Дополнително се усвои и Студентскиот календар на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје во учебната 2021/2022 година (Одлука бр. 0201 - 1343/2 од 30.09.2021 година)

Овие информации редовно се ажурираа на интернет страната на Факултетот а сето тоа овозможи поефективен режим на студирање и

можност за навремена информација достапна до сите заинтересирани студнети.

На додипломските студии во 2021 година наставната програма успешно се реализира што е потврдено преку Одлуката бр. 0202-437/7 од 16.04.2021 година донесена од страна на Наставно-научниот совет со која се усвои Извештајот за студентската анкета за квалитетот на наставата во летниот семестар за учебната 2019/2020 година и зимскиот семестар во учебната 2020/2021 година на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје подготвени од Комисијата за самоевалуација на Факултетот.

Според извештајот бр. 03-413/2 од 7.4.2021 година доставен од Комисијата за смоевалуација на ФВМ-С, студентската анкета е извршена при заверката на летниот семестар, а истовремено со зимскиот семестар за 2020/2021 година е извршена и студентска анкета и за летниот семестар од 2019/2020 година. Во овие анкети се опфатени редовни студенти кои запишале летен семестар 2019/2020 година и зимски семестар, како и студенти кои запишале летен семестар 2019/2020 година и презапишале предмети од зимски семестар 2020/2021 година. Според податоците за бројот на запишани студенти во летниот семестар во академската 2019/2020 година, запишани се вкупно 103 студенти, во различни студиски години. Од нив, во зимскиот семестар во академската 2020/2021 година се запишани вкупно 85 студенти. Во евалуацијата на наставата во летниот семестар на академската 2019/2020 година за II, IV, VI и VIII семестар се опфатени само студентите кои запишале III, V, VII и IX семестар во зимскиот семестар на академската 2020/2021 година, а бидејќи од студентите кои запишаа X семестар во 2019/2020 година ниеден не запиша XI семестар во 2020/2021 година, анкетните прашалници за X семестар 2019/2020 година ги пополнуваа студентите од оваа генереација кои во зимскиот семестар 2020/2021 година презапишуваа предмети.

Според податоците за бројот на запишани студенти во зимскиот семестар во академската 2020/2021 година, запишани се вкупно 116 студенти, во различни студиски години. Притоа треба да се каже дека бројот на студенти во трета година е поголем во однос на бројот на анкетирани

студенти во претходната анкета, бидејќи во сегашната трета година, покрај студентите кои редовно преминале од втора во трета година, вклучени се и студенти од претходни генерации кои студирале по старата студиска програма (2009/2010), но немале услов за запишување трета година, а бидејќи во меѓувреме се промени студиската програма, тие се сега префрлени од старата во новата студиска програма (2018/2019).

Студентската анкета за летниот семестар од учебната 2020/2021 година е организирана од далечина (он-лајн) преку платформата Microsoft Teams. Студентите кои пополниле анкетни прашалници дадоа позитивни оцени за сите наставници и за сите демонстратори кои се вклучени во наставниот процес на ФВМ-С согласно одлуката на Наставно научниот совет за дополнувањето на распоредот на работни задачи на наставниците и соработниците на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје за учебната 2020/2021 година бр. 0202-1384/11 од 26.10.2020 година со кој се усвои и списокот за покриеност на настава на додипломски студии на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје – учебна 2020/2021 година а чии прочистен текст е врз оснава на одлуките на Наставно-научниот совет на ФВМС бр. 0202-1140/3 од 4.9.2020 год., бр. 0202-1381/11 од 26.10.2020 год., бр. 0202-1472/2,3,4,5 од 23.11.2020 год. и бр. 0202-1632/3 од 29.12.2020 година.

Факултетот и оваа година покрај задолжителните 40% од буџетот предвидени за студентите издвои дополнителни средства од самофинасирачки извори, пред се добиени од апликативната работа на Факултетот, за потребите на теоретската и практичната настава од кои се набавени реагенси, опрема и нагледни средства за изведување на практични вежби.

Тука посебно сакам да ја издвојам набавката на едукативен материјал за потребите на студентите за клиничките предмети.

Факултетот за прв пат спроведе постапка за јавна набавка на наставно-образовни помагала за практична настава (бр. 13015/2021) и набави:

- анимални модели на кожа за поставување на хируршки шевови кој се се состои од имитација на 3те слоја на кожата (дермис, субкутис и мускулен слој) на (куче/мачка) изработени од специјална пена, која овозможува поставување хируршки инцизии и нивно затворање, согласно основните хируршки правила и принципи на затворање на рани.
- модел на глава од куче за ендотрахеална интубација и мачка за ендотрахеална интубација кои овозможуваат изведување на практични вежби за правилна интубација и поставување на ендотрахеален тубус кај куче со анатомски пристап на орофаринксот, епиглотисот, трахеата, хранопроводот и белите дробови.
- модели од преден екстремитет и заден екстремитет од куче за земање на крв и поставување на i/v канила со заменлив систем кој овозможува вежбање на основните клинички техники на студентите по ветеринарна медицина, земање на крв и поставување на интравенски катетер во v. cephalica, како и поставување на преврски и изучување на техники на превивање.
- модели од куче и мачка за кардио-пулмонална ресусцитација (CPR) кои овозможуваат на студентите по ветеринарна медицина да ги совладаат потребните вештини на CPR почнувајќи од поставување на животното во соодветна положба за асистирана вентилација, масажа на срце, поставување на соодветен притисок на градниот кош при мануелна компресија, како и координација на респираторните и кардиоваскуларните функции.
- модел на куче за трахеотомија кој овозможува на студентите по ветеринарна медицина совладување на техниките на трахеотомија и крикотиротомија преку изведување на инцизија долж слоевите на кожата и пристат до трахеалните прстени.
- модел на глава од коњ за васкуларен пристап ко овозможува обука на студенти и ветеринарни практичари за венепункција и совладување на клинички вештини како земање на крв од југуларна вена и

поставување на југуларен катетер, земање на крв од длабоката фацијална артерија и трансверзалната фацијална вена на главата и поставување на i/v катетер со што преку овој симулатор, студентите и докторите по ветеринарна медицина ќе ги стекнат потребните вештини пред да започната да работат во секојдневната пракса.

Со оваа постапка се создадоа предуслови за создавање на едукативна т.н. "Лабораторија за практична настава со анимални модели", што преставува еден од предусловите за позитивна евалуација од страна на ЕАЕВЕ а е определба на Факултетот.

## 2.2 Интегрирање на практичната настава со ИСО 17 025 ситемот за квалитет

И оваа година во извештајниот период се правеа напори за одржување на континуитет во квалитетот во наставата но и на унапредување на целиот наставно-образовен процес.

На почетокот би сакал да го изнесам моето задоволство што после долги години официјално наставата станаа итегративен дел од ИСО 17 025 ситемот на Факултетот.

Имено по предлог на Деканот, Менаџерскиот тим за имплементација на ISO17025 на Факултетот донесе ново работно упатство за контролиран на пристап во просториите чија цел е да го дефинира ограничувањето на пристапот на вработените, надворешни лица а сега и студентите во лабораториите на ФВМ-С во кои се врши тестирање на мостри.

Во работното упатсво е додадено ново поглвје 5.3. за "Практична настава на студенти во лабораторијата" во кое се дефинира присуството на студентите во лабораториите.

Така, пред почетокот на секоја школска година, спрема наставната програма, Продеканот за настава поднесуваа информација со предлог распоред на термини за изведување практична настава согласно усвоениот распоред во акредитираните лаборатории на ФВМ-С. Студентите можат да

влезат во лабораторијата само во придружба на лице од лабораторијата и предметниот наставник, демонстратор или ментор. За да може да се одобри влез во лабораторијата на студентите, предметниот наставник мора месечно да поднесе известување за распоредот на практична настава во тековниот месец кое е составен дел од формуларот P6.03.01w04f02. Мострите кои ќе ги тестираат студентите се мостри кои се во лабораторијата исклучително само за таа намена. По завршувањето на практичната настава, предметниот наставник е должен да пополни извештај за активностите за време на наставата во P6.03.01w04f02 - запис за посета на студенти во акредитирани лаборатории.

Овие превземени активноси ќе помогнат во процесот на акредитација во ЕАЕВЕ каде треба да се демонстрира одржување на квалитет и континуитет во наставниот процес што во моментов преставува сериозен недостаток.

Затоа се превземени и посебни мерки со кои е задолжен Продеканот за настава за имплементација на системот за контрола на квалитет во наставнобазовните процеси на Факултеот. Во периодот што следува овие процеси ќе се подобруваат за што е потребна соработка до целиот наставно-научен и соработнички кадар кој е вклучен во наставниот порцес на Факултеот.

## 2.3. Наставнообразовен процес во 2021 година во услови на пандемија со Ковид 19

Посебно место во овој извештаен период одвојувам за спроведувањето на наставниот процес со состојбата на Ковид 19 кој силно го погоди образовниот систем во државата а и кај нас на Факултеот.

Она што посебно сакам да го истакнам во овој дел на Извештајот, е донесената Одлука од Наставно-научниот совет на Факултетот со бр. 0201 - 1343/4 од 30.09.2021 година за спроведување на наставните активности на интегрираните студии од прв и втор циклус (додипломски студии), втор

циклус на специјалистички студии и трет цикулус на докторски студии во учебната 2021/2022 година со која се определува начинот за спроведување на наставните активности на интегрираните студии од прв и втор циклус (додипломски студии), втор циклус на специјалистички студии и трет цикулус на докторски студии во учебната 2021/2022 година. Оваа Одлука е комплементарна и ги вклучува усвоениот Универзитетскиот календар за учебната 2021/2022 година донесен од Сенатот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (бр. 02-633/4 од 25.5.2021 година), заклучоците на 263 вонредна седница на Ректорската управа при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (бр. 02-934/2 од 23.8.2021 год.), Протоколот за изведување практична настава, континуирани проверки и завршни испити бр. 03/805 донесен од Кризниот штаб на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје (ФВМС) на 3.6.2020 година, Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 417 од 29.1.2019 година), Одлуката за правила на студирање на интегрираните студии од прв и втор циклус (додипломски студии) и на втор циклус студии (постдипломски студии) на ФВМС (Универзитетски гласник бр. 554 од 26.7.2021 година) и Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање и студирање на трет циклус академски студии – докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 530 од 31.12.2020 година).

Начинот на спроведување на наставата согласно Одлуката е од комбиниран тип, односно настава со физичко присуство и/или настава од далечина со примена на електронска комуникација а опсегот на наставата со физичко присуство, односно наставата од далечина со примена на електронска комуникација го одредува секоја катедра, односно наставник поединечно за секој одделен предмет. Наставата со физичко присуство се определи дека ќе може да се изведува во мали групи и во простории со соодветен капацитет и намена на Факултетот во кои во еден термин ќе може да присуствуваат само ограничен број студенти кои поседуваат сертификат

за вакцинација односно со примена на одредбите од оваа Одлука. Наставата од далечина останува со примена на електоронска комуникација (предавања и вежби) преку платформата Microsoft Teams. За прв пат предметните наставници се задолжуваат да определат термини за консултации со студентите и тоа 4 часа седмично во текот на целата учебна година. И одбраните на дипломските и докторските трудови на Факултетот се опфатени со Одлуката каде се предвидува да се одвиваат комбинирано со физичко присуство и/или со посредство на електронска комуникација.

Сепак, сите облици на настава со физичко присуство (теориска, практична, клиничка, теренска, екстрамурална), проверките на знаењето со физичко присуство (континуирани проверки, тестови, завршен испит) и одбраните на дипломските и докторските трудови на Факултетот ќе се спроведуват се уште согласно важечките протоколи, упатства и одлуки за превенција на ширење на болеста Ковид 19 донесени од Кризниот штаб на Факултетот, актите на Универзитетот и од Владата на Република Северна Македонија кои ги уредуваат прашањата поврзани со превенција и заштита од болеста Ковид 19.

На крајот би сакал да истакнам дека квалитетот на студирањето на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје треба и може да се подигне само со ефикасен модел на финансирање кој произлегува од реалните потреби, а важен предуслов за успешно решавање на овој проблем е донесување на предлог-мерките за финансирање на високото образование врз основа на индикатори за реално чинење на образованието на одредени профили, во кои припаѓа и вреднувањето на наставата како главна одлика на Факултетот за ветеринарна медицина.

## 2.4. Наставно-научен кадар, демонстратори и стручни лица од практиката во реализацијата на наставно-образовниот процес на ФВМ-С

Во извештајниот период, Деканот покажа постојана грижа за вработените и отворање на можности за избор се распишани редовни конкурси за шест (6) лица во повисоки звања согласно новиот Закон за високо образование.

Тука сакам да истакнам дека за реализацијата на наставно-образовната дејност, веќе подолго време Факултетот се соочува со дефицит на соработнички кадар. Како проблем сè уште претставува кадровската екипираност на одредени катедри за што се превземаат активности кои верувам дека во идниот период ќе ги надминеме.

Но, и покрај ваквиот проблем наставата целосно се реализираше со безрезервниот ангажман на целиот наставно-научен и соработнички кадар, на демонстраторите како и на наставниците ангажирани од другите единици на УКИМ.

Особено важно на наставниот процес на ФВМ-С, и оваа година беше вклучувањето на демонстратори во наставно-образовнот процес согласно новиот Закон за високото образование и актите на Универзитетот и Факултетот. Оваа мерка му овозможи на Факултетот а особено на одделни катедри значително унапредување на високообразовната активност.

Деканатската управа на ФВМ-С иницираше до Наставно-научниот совет да се донесе одлука за распишување на интерен оглас со кој ќе се утврди потреба од избор на демонстатори како помошници во изведување на наставно-образовниот процес на прв и втор циклус интегрирани студии на Факултетот за ветеринарна медицина -Скопје, за учебната 2020/2021 и 2021/2022 година.

За летниот семестар во 2021 година, се применуваше Одлуката на Наставно-научниот совет 0202-1140/2 од 4.9.2020 година со која се утврди

потребата за избор на демонстратори како помошници во изведувањето на високообразовниот процес интегрираните студии од прв и втор циклус на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје за учебната 2020/2021 година и се избра комисија во состав проф. д-р Игор Улчар, проф. д-р Деан Јанкулоски, проф. д-р Флорина Поповска-Перчиниќ, проф. д-р Јована Стефановска, и проф. д-р Ксенија Илиевска кои го спреведова изборот на демонстратори.

Огласот за избор на демонстратори беше спроведен согласно Законот за високото образование (Сл. Весник на РМ бр. 82/2018) и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставностручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот "Св.Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 411 од 5 ноември 2018).

На распишаниот интерен оглас за избор на демонстратори за учебната 2020/2021 година, заведен под бр. 03-1193 на 10.9.2020 година, барања понесоа самите катедри а вкупниот број на побарани демонстратори е 31 и тоа:

1. Катедра за функционална морфологија – 1 демонстратор за предметот Хистологија со ембриологија;
1. Катедра за репродукција – 1 демонстратор за предметот Репродукција;
2. Катедра за хирургија, ортопедија и офталмологија – 2 демонстратори за предметите Општа хирургија со анестезиологија, Специјална хирургија со ортопедија и Офталмологија;
3. Катедра за одгледување на животни – 1 демонстратор за предметот Сточарство;
4. Катедра за паразитологија и паразитни заболувања – 2 демонстратори за предметот Паразитологија и паразитни заболувања;
5. Катедра за микробиологија и имунологија – 2 демонстратори за предметите Микробиологија и Имунологија;

6. Катедра за внатрешни болести на домашни миленици и копитари – 2 демонстратори за предметот Внатрешни болести на домашни миленици и копитари;
7. Катедра за внатрешни болести на фармски животни – 4 демонстратори за предметите Внатрешни болести на фармски животни и Клиничка и лабораториска дијагностика на фармски животни;
8. Катедра за визуелни дијагностички методи – 1 демонстратор на за предметот Визуелни дијагностички методи;
9. Катедра за заразни болести и епидемиологија – 2 демонстратори за предметот Заразни заболувања кај домашните животни;
10. Катедра за болести кај птиците – 1 демонстратор за предметот Болести кај птиците;
11. Катедра за патофизиологија – 1 демонстратор за предметот Патолошка физиологија:
12. Катедра за патолошка морфологија – 1 демонстратор за предметот Патолошка морфологија;
13. Катедра за биологија и патологија на риби, пчели и дивеч – 2 демонстратори за предметите Биологија и патологија дивеч, Биологија и патологоија на риби и Биологија и патологија на пчели;
14. Катедра за безбедност на храна и ветеринарно јавно здравство – 2 демонстратори за предметот Хигиена и технологија на месо, риби, јајца и мед и нивни производи;
15. Катедра за ветеринарна економија, менаџмент и биостатистика – 1 демонстратор за предметот Биостатистика;
16. Катедра за фармакологија и токсикологија – 1 демонстратор за предметите Фармакологија и Ветеринарна токсикологија;
17. Катедра за биохемија и биологија на клетка – 2 демонстратори за предметите Биологија на клетка, Биохемија и Клиничка биохемија.

Врз основа на горенаведениот оглас и во него предвидениот рок, за демонстратори се пријавија вкупно 22 кандидати, од кои 17 ги исполнија законските пропишани правила за избор на демонстратори.

Наставно-научниот совет донесе Одлука бр. 0202-1384/4 од 26.10.2020 година со која се врши избор на демонстатори како помошници во изведување на наставно-образовниот процес на прв и втор циклус интегрирани студии на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, за учебната 2020/2021 година и тоа:

1. Катедра за функционална морфологија - Моника Довенска — студент на трет циклус
2. Катедра за репродукција - Кристина Дојчиновска - студент на интегриран прв и втор циклус студии
3. Катедра за хирургија, ортопедија и офталмологија - Матеа Матева - студент на интегриран прв и втор циклус студии и Марија Солакова - студент на интегриран прв и втор циклус студии
4. Катедра за паразитологија и паразитарни заболувања - Љубица Рашиќ - студент на трет циклус и Кристина Атанасова - студент на интегриран прв и втор циклус студии
5. Катедра за микробиологија и имунологија - Нада Цветановска - студент на интегриран прв и втор циклус студии
6. Катедра за Внатрешни болести на домашни миленици и копитари - Марија Костиќ - студент на интегриран прв и втор циклус студии и Елена Митревска - студент на интегриран прв и втор циклус студии
7. Катедра за Внатрешни болести на фармски животни - Емилија Мурџева - студент на интегриран прв и втор циклус студии и Александар Јаневски — студент на трет циклус студии
8. Катедра за визуелни дијагностички методи - Александар Јаневски - студент на трет циклус студии
9. Катедра за патофизиологија - Сара Ѓорѓиевска - студент на интегриран прв и втор циклус студии
10. Катедра за патолошка морфологија - Спиро Божиновски - студент на интегриран прв и втор циклус студии
11. Катедра за биологија и патологија на риби, пчели и дивеч - Александар Трајчовски- студент на трет циклус студии

12. Катедра за безбедност на храна и ветеринарно јавно здравство - Марија Раткова Мановска - студент на трет циклус студии и Љупчо Ангеловски - студент на трет циклус студии
13. Катедра за биохемија и биологија на клетка - Стефан Јованов - студент на втор циклус студии

Дополнително, поради непходност и унапредување на наставната дејност на додиполмските студии Наставно - научниот совет на Факултетот донесе Одлука бр. 0202-1384/12 од 26.10.2020 година со која се утврдува потребата за дополнителен избор на демонстратори како помошници во изведувањето на високообразовниот процес интегрираните студии од прв и втор циклус на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје за учебната 2020/2021 година. Вкупниот број на побарани демонстратори изнесуваше 9 а се пријавија вкупно 4 кандидати.

Со Одлука бр. 0202-1632/3 од 29.12.2020 година се изврши дополнителен избор на демонстатори како помошници во изведување на наставно-образовниот процес на прв и втор циклус интегрирани студии на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, за учебната 2020/2021 година и тоа:

1. Катедра за функционална морфологија - Димитар Божиновски - студент на трет циклус
2. Катедра за заразни болести и епидемиологија - Елисавета Лукановска - студент на интегриран прв и втор циклус студии
3. Катедра за биохемија и биологија на клетка - Методи Илиевски - студент на интегриран прв и втор циклус студии

Избраните демосntратори беа помошници во изведување на наставно-образовниот процес на прв и втор циклус интегрирани студии на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје во 2021 година за што поденсуваа извештаи до Продеканот за настава за ивршените работни задачи кои се потврдени од нивните матични професори на катедрите каде се избрани и помагаат во во изведување на наставно-образовниот процес.

Идентично, и во зимскиот семестар во 2021 година врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна

медицина – Скопје бр. 0202-1610/2 од 19.11.2021 година е утврдена потребата за избор на демонстратори како помошници во изведувањето на високообразовниот процес на интегрираните студии од прв и втор циклус на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје за учебната 2021/2022 година и е избрана Комисија избрана во состав проф. д-р Ксенија Илиевска, проф. д-р Искра Цветковиќ и доц. д-р Мирослав Ќосевски која го спроведе изборот за демосратори на ФВМС.

Беше распишан интерен оглас согласно поднесените барања од предметните професори за избор на демонстратори за учебната 2021/2022 година со бр. 03-1655 од 22.11.2021 год., за следните катедри:

1. Катедра за функционална морфологија – 3 демонстратори за предметите
    - Анатомија на домапните животни;
    - Хистологија со ембриологија;
    - Физиологија на животните.
2. Катедра за анимална хигиена и заштита на животна средина – 1 демонстратор по предметот Анимална хигиена
3. Катедра за репродукција – 1 демонстратор за предметот Репродукција на животните;
4. Катедра за хирургија, ортопедија и офталмологија – 2 демонстратори за предметите Општа хирургија со анестезиологија, Специјална хирургија со ортопедија и Офталмологија;
5. Катедра за одгледување на животни – 1 демонстратор за предметот Сточарство;
6. Катедра за паразитологија и паразитни заболувања – 1 демонстратор за предметот Паразитологија и паразитни заболувања;
7. Катедра за микробиологија и имунологија – 1 демонстратор за предметите Микробиологија и Имунологија
8. Катедра за внатрешни болести на домашни миленици и копитари – 2 демонстратори за предметот Внатрешни болести на домашни миленици и копитари;

9. Катедра за внатрешни болести на фармски животни – 3 демонстратори за предметите Внатрешни болести на фармски животни; Клиничка и лабораториска дијагностика на фармски животни; Визуелни дијагностички методи
10. Катедра за заразни болести и епидемиологија – 1 демонстратор за предметот Заразни заболувања кај домашните животни;
11. Катедра за болести кај птиците – 1 демонстратор за предметот Болести кај птици
12. Катедра за патофизиологија – 1 демонстратор за предметот Патолошка физиологија:
13. Катедра за патолошка морфологија – 1 демонстратор за предметот Патолошка морфологија;
14. Катедра за биологија и патологија на риби, пчели и дивеч – 2 демонстратори за предметите Биологија и патологија дивеч, Биологија и патологоија на риби и Биологија и патологија на пчели;

Вкупниот број на побарани демонстратори за учебнаа 2021/2022 година е 21 а во предвидениот рок за демонстратори се пријавија вкупно 16 кандидати.

Наставно-научниот совет донесе Одлука бр. 0202-1695/2 од 3.12.2021 година со која се врши избор на демонстатори како помошници во изведување на наставно-образовниот процес на прв и втор циклус интегрирани студии на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, за учебната 2021/2022 година и тоа:

1. Катедра за функционална морфологија
    - Димитар Божиновски (студент на трет циклус на студии) по предметот Анатомија на домапните животни;
    - Моника довенска (студент на трет циклус на студии) по предметот Хистологија со ембриологија;
    - Ненад Димковски (студент на интегриран прв и втор циклус студии) по предметото Физиологија на животните.
2. Катедра за репродукција

   – Кристина Дојчиновска предметот Репродукција на животните;

3. Катедра за хирургија, ортопедија и офталмологија
   – Матеа Матева и Марија Солакова (студенти на интегриран прв и втор циклус студии) за предметите Општа хирургија со анестезиологија, Специјална хирургија со ортопедија и Офталмологија
4. Катедра за одгледување на животни
   – Методи Илиески (студент на интегриран прв и втор циклус студии) за предметот Сточарство;
5. Катедра за паразитологија и паразитни заболувања
   – Љубица Рашиќ (студент на трет цуклус на студии) за предметот Паразитологија и паразитни заболувања;
6. Катедра за внатрешни болести на домашни миленици и копитари – Емилија Мурџева и Елена Митревска (студенти на интегриран прв и втор циклус студии) за предметот Внатрешни болести на домашни миленици и копитари;
7. Катедра за заразни болести и епидемиологија
   – Елисавета Лукановска (студент на интегриран прв и втор циклус студии) за предметот Заразни заболувања кај домашните животни;
8. Катедра за патофизиологија
   – Андреа Стојановска (студент на интегриран прв и втор циклус студии) за предметот Патолошка физиологија:
9. Катедра за патолошка морфологија
   – Спиро Божиноски (студент на интегриран прв и втор циклус студии) за предметот Патолошка морфологија;
10. Катедра за биологија и патологија на риби, пчели и дивеч
   – Стефан Тековски (студент на интегриран прв и втор циклус студии) и Александар Трајчовски (студент на трет цуклус на студии) за предметите Биологија и патологија дивеч, Биологија и патологоија на риби и Биологија и патологија на пчели;

Избраните демоснтратори согласно Законот за високото образование (Сл. Весник на РМ бр. 82/2018) и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставностручни и

соработнички звања и демонстратори на Универзитетот "Св.Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 411 од 5 ноември 2018) се избарни за помошници во изведување на наставно-образовниот процес на прв и втор циклус интегрирани студии на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје во 2021/2022 година за што ќе потпишат договори за нивните активности.

Во извештајниот период, Факултетот за ветеринарна медицина - Скопје го зголеми и бројот на договорите за изведување на пракса во организации кои се обрзуваат да примат студенти на пракса а кои имаат соодветни услови за изведување на практична настава од кои најголемиот број се со приватни ветеринарни друштва. Листата редовно се ажурира на интернет страната на Факултеот.

Наставниот процес на Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје беше унапреден со вклучувања на две стручни лица од практиката по барање на Катедрата за функционална морфологија и Катедрата за хирургија.

За таа цел, Наставно-научниот совет на ФВМС донесе одлуки со кои се одобрува ангажирање на афирмиран стручњак од практиката за вршење високообразовна дејност во учебната 2021/2022 година за д-р Дуња Ковач, доктор по ветеринарна медицина од Нови Сад, Р. Србија за одделни делови по предметот Благосостојба на животните (Одлука бр. 0202-437/6 од 16.04.2021 година) и за ангажирање на афирмиран стручњак од практиката за вршење високообразовна дејност во учебната 2021/2022 година за д-р Надица Ѓеоргиева, доктор по ветеринарна медицина од Ветеринарна клиника Здравје, Кочани, Р.С Македонија за предметите Општа хирургија со анестезиологија и Специјална хирургија (Одлука бр. 0202-663/6 од 25.05.2021 година).

Постапките се потврдени од телата на Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје.

Процесите за вклучување на стручни лица од практиката а и визитинг професори и понатаму ќе продолжи во зависност од потребите на катедрите и барањата на професорите кои треба да иницираат постапки за нивно вклучување во наставно-образовниот процес на ФВМ-С за што јас како декана на Факултетот давама безрезервна подршка.

## 2.5. Упис на нови студенти на додипломски студии во учебната 2021/2022 година

Во поглед на уписната политика, Деканатската управа на Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје во соработка со Центарот за кариера превзедоа засилени пропагандни активности за информирање на матурантите со можностите кои им се нудат за студии на ФВМ-С.

И оваа година се подготвени флаери, летоци, постери, брошури, постери и сл., во кои се опишани условите за студирање. Промоција на студентските програми е направена и преку социјалните мрежи поради состојбата од пандемија на Ковид-19 поради која наставниот процес омаше огромни измени.

Беа превземени низа активности каде нашите услуги и образовни програми се презентирани преку националните телевизии, радиа како и социјални медиуми.

Во 2021 година, покрај пандемијата Факултетот за ветеринарна медицина учествуваше во бројни промоции со посебен акцент на концептот "Едно здравје" (One health). Промотивните активност во најголем дел се одвиваа преку социјалните мрежи (Facebook, Instagram), како и преку веб страната на Факултетот.

На почетокот на оваа година, Центарот за благосостојба при Факултетот за ветеринарна медицина од Скопје во соработка со Ветеринарниот универзитет од Виена спроведе анкета, со цел да ги истражи моралните и етичките норми во нашето општество кон домашните

миленици како и да се процени мотивацијата кај луѓето за грижата кон домашните миленици.

Со завршетокот на учебната година во средните училишта, заради пандемијата оваа година не беа спроведени промотивните активности со физичко присуство со оглед на тоа дека наставата се спроведуваше од далечина.

Објавениот конкурс за упис на студенти на прв и втор циклус интегрирани студии по ветеринарна медицина во учебната 2021/2022 година, беше споделен како на веб страната на Факултетот, така и на социјалните мрежи.

Со цел реализација на активностите за претставување на факултетите и подобро запознавање на заинтересираните кандидати - идни студенти, на 18 август 2021 година во рамките на „Отворен ден на УКИМ" беше одржана електронска презентација на нашиот Факултет преку online видеоконференција со платформата на Microsoft Teams.

Како продолжение на овој настан, повторно на 30 ноември 2021 година во рамките на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, беше организиран „Отворен ден на УКИМ" преку платформата на Microsoft Teams, на кој идните студенти и академски граѓани имаа можност одблиску да се запознаат со професорите и студентите, студиските програми, искуствата на студентите, нивните активности, да дознаат повеќе околу студентскиот живот, меѓународните размени, за кариерните можности итн.

Во однос на уписите, Конкурсот за запишување на нови кандидати во учебната 2021/2022 година беше спроведен од Конкурсната комисија со одлука на Наставно-научниот совет (бр. 0202-851/2 од 29.06.2021 година). Конкурсната комисија ја следеше реализацијата на Конкурсот за запишување студенти на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје со цел доследно почитување на одредбите во Конкурсот.

И оваа година беа реализирани 3 уписни рока.

Пријавувањето на кандидатите и поднесувањето на документи, и оваа година како и минатата, се вршеше електронски, преку он-лајн апликацијата iKnow системот. Според вкупниот збир на бодови се

изготвуваа ранг-листи на коишто се рангираа пријавените кандидати, согласно со Конкурсот и Упатството изадени од страна на Ректоратот (Универзитетот).

Во првиот уписен рок електронски се пријавија вкупно 40 кандидати. Од нив, според одредбите на Конкурсот, 36 кандидати приложија документи и 35 од нив се запишаа како студенти на ФВМ-С во државната квота (со партиципација од 200 евра годишно, во денарска противвредност) и 1 во квотата со кофинансирање (со целосна партиципација од 400 евра годишно, во денарска противвредност). Исклучок беа 10-те прворангирани кандидати, кои согласно со Одлуката за доделување на стипендии на студентите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје бр. 02-633/5 од 25.5.2021 година донесена од страна на Универзитетскиот Сенат, се ослободени од плаќањето делумна партиципација.

Во вториот уписен рок електронски се пријавија 2 кандидати, од кои 2 приложија документи и се запишаа како студенти на ФВМ-С во квотата со кофинансирање (со целосна партиципација од 400 евра годишно, во денарска противвредност).

Збирно, на ФВМ-С како бруцоши во учебната 2021/2022 година се запишаа 38 студенти, од нив 35 запишани во државната (делумна партиципација од 200 евра годишно, во денарска противвредност) и 3 запишани во квотата со кофинансирање (целосна партиципација од 400 евра годишно, во денарска противвредност).

Според тоа, после 15 години, ФВМС во учебната 2021/2022 година ја пополни државната квотата за уписи студенти и запиша доплнителни студенти во приватна квота со кофинасирање.

Овој успех се должи пред се на превземените активности на Деканатската управа, мојата наклоност како Декан кон развој на наставниот процес на Факултетот но и на сиот наставно-научен кадар кој во последните години значително се зголеми и превзема засилени активности кон развој на високообразовната дејност.

Искрено се надевам дека овој тренд ќе продолжи за што Декнатаскта управа веќе име превземено конкретни активности за наредниот период.

Наставно-научниот совет на Факултетот на седницата одржана на 30.09.2021 година донесе Одлука бр. 0201 - 1343/12 од 30.09.2021 година со која се усвојува Извештајот за уписот на студенти на интегрираниот прв и втор циклус студии на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје во учебната 2021/2022 година согласно поднесениот Извештај бр. 03-1739 од 29.09.2021 година.

На 15 Ноември 2021 година, деканот проф. д-р Лазо Пендовски, ги додели дипломите на 30-та генерација студенти која ги заврши студиите на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје. Притоа од името на сите професори и соработници им го честита успешното завршување на студиска програма ветеринарна медицина и им посака успешна професионална кариера. Настанот се обележа на пригоден и свечен начин а дипломираните студенти беа облечени пригодно во свечени одори кои ги носат обележјата на Факултетот и Универзитетот.

Тука посебно сакам да истакнам дека Факултетот како одговорна институција превзема низа мерки со цел да се одржи наставниот процес за студентите.

Една од најважните одлуки со кои се уредија наставните процеси на Факултетот беше доенсувањето на Одуката за правилата на студирање на интегрирани студии од прв и втор циклус (додипломски студии) и на втор циклус на студии (постдипломски студии) на универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје Факултет за ветеринарна медицина – Скопје (Одлука од ННС бр. 0202-437/10 од 16.04.2021 година).

Со оваа Одлука, после долги години се уредија уписните постапки, студентскиот календар, испитниот режим, напредувањето, инклузивно со условите за побрзо напредување, завршувањето на образованието, преминувањата помеѓу студиските програми, повторувањето на семестарот, презапишувањето на предмети, односно условното напредување, продолжувањето на студиите по прекинувањето, паралелно, интердисциплинарно и индивидуално студирање, признавањето на испитите и другите студиски обврски положени на различни високообразовни установи, видот на исправите кои му се издаваат на

студентот врз основа на евиденцијата определена со Законот за високото образование, постапката за заштита на правата на студентите, органи надлежни за водење на постапките и одлучувањето, дисциплинска одговорност и права и должностите на студентите во дисциплинската постапка и други правила поврзани со правата и должностите на студентите на Факултет за ветеринарна медицина – Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Како декан и понатаму ќе се заложувам овие процеси да продолжат со цел унапредување на наставниот процес и би сакал уште еднаш да потенцирам дека квалитетот на студирањето на Факултетот за ветеринарна медицина - Скопје ќе биде еден од приоритетите кој во следнта година ќе добие висок приоритет во моето делување со цел проближување кон смејството на EAEBE акредитирани установи што претставува определба на сите членови на Наставно-научниот совет.

## 2.6 Последипломски студии – специјалистички студии

Во извештајниот период, земајќи во предвид усвоената Стратегија за развој на ФВМ-С 2018-2023 и Одлуките на Наставно-научниот совет за воведување на специјалистички студии на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје сакам да ги нагласам новоотворените за прв пата специјалистички стручни студии од втор циклус по безбедност и квалитет на храна со ветеринарно јавно здравство.

По добивањето на Решение за акредитација бр. 08-49// од 11.12.2020 година од страна на Одборот за акредитација на високото образование, Факултетот достави барање бр. 03-1623 од 21.12.2020 година до Агенцијата за квалитет на високото образование за утврдување на исполнетста на условите за почеток на студиите на студиската програма од втор циклус на стидии (специјалистички) стручни студии (60 кредити) по Безбедност и квалитет на храна. Комисијата формирана од Агенцијата за квалитет на

високото образование изврши увид и изготви извештај бр. 08-311/3 од 16.02.2021 година и констатира дека се исполнети условите за почеток на работа на студиската програма.

Директорот на Агенцијата за квалитет на високото образование Р. С. Македонија донесе Решение за почеток со работа на студиската програма од втор циклус на стидии (специјалистички) стручни студии (60 кредити) по Безбедност и квалитет на храна со бр. 08-311/4 од 17.02.2021 година со што се заври целата постапка и се овозможи упис на студенти.

Наставно - научниот совет на Факултетот донесе Одлука бр. 0202-278/4 од 16.03.2021 година со која се утврдуваат условите и критериуми за запишување студенти на трет циклус - докторски студии на студиската програма Безбедност на храна за кандидати со остварен просечен успех од претходно завршено образование (прв и втор циклус студии посебно, односно на интегрирани студии) од најмалку 7,5 со воведување на дополнителни критериуми а за докажување на дополнителните услови и критериуми. Исто така со Одлука бр. 0201 - 1343/6 од 30.09.2021 година се утврди и начинот на плаќање на трошоците за студирање на втор циклус (специјалистистички) стручни студии по „Безбедност и квалитет на храна".

Во согласност со Конкурсот за запишување студенти на втор циклус специјалистички студии на студиската програма „Безбедност и квалитет на храна" (специјалистички студии) на Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје во учебната 2021/2022 година, првиот уписен рок на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје се одржи од 20.09.2021 до 29.09.2021 година.

Конкурсот за запишување студенти на втор циклус студии (специјалистички) стручни студии по „Безбедност и квалитет на храна" на Факултетот за ветеринарна медицина - Скопје во учебната 2021/2022 година, се спроведе од страна на Конкурсна комисија (проф. д-р Велимир Стојковски – претседател, проф д-р Зехра Хајрулаи - Муслиу – член и проф. д-р Деан Јанкулоски – член) формирана со Одлука бр. 0202 - 1343/7 од 30.09.2021 година од страна на Наставно-научниот совет на Факултетот.

Согласно поднесенот извештај од Комисијата бр. 03-1506 од 20.10.2021 годона се донесе Решение за упис на шест (6) студенти на првата генерација на (специјалистички) стручни студии по „Безбедност и квалитет на храна".

Како Декан повеќе пати иницирав на Наставно-научниот совет на ФВМ-С да се донесат и другиите специјалитички програми и искрено се надевам, како и секоја година, дека Комисиите ќе ги почитуваат одлуките на ННС и ќе пристапат кон нивно изготвување во следниот период.

Но исто така ги охрабрувам и сите други наставници кои имаат идеа и желба да поднесат иницијатива за воведување на други специјалистички студии на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје за што јас како Декан ќе дадам голем подршка за постапката за нивно отворање.

## 2.7 Последипломски студии – докторски студии

Докторските последипломски студии на Факултетот за ветеринарна медицина се одвиваат и се интегративен дел на докторските студии на УКИМ, кои се организираат и реализираат од Школата за докторските на УКИМ.

Земајќи во предвид дека поради корона-кризата во државата Наставно-научниот совет донесе одлуки за продолжување на важноста на Студиската програма за трет циклус- докторски студии по Безбедност на храна и Ветеринарна медицина на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје согласно Уредбата со законска сила за примена на Законот за високото образование за време на вонредна состојба (Сл. Весник на РСМ бр. 76/20), како декан иницирав до Наставно научниот совет да се донесе одлука за продолжување на роковите за завршување на започнатите докторски студии согласно Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии -

докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник Бр. 530, 31 декември 2020).

Така, Наставно - научниот совет на Факултетот на седницата одржана на 16.03.2021 година ја донесе Одлука бр. 0202 – 278/7 со која се утврди рокот од 31.12.2021 година за завршување на студиите, односно одбрана на докторски труд за студентите запишани на докторски студии кои не одбраниле докторски труд во рок од 8 години сметано од денот на запишувањето до влегувањето во сила на Правилникот.

Во изминатата година бројот на студенти докторанди кои се запишале на трет циклус – докторски студии на ФВМ-С се зголеми и изнесува три (3) студенти на програмата Ветеринарна медицина и четири (4) студенти на програмата за бебедност и квалите на храна.

Исто така, во извештајниот период 5 кандидати успешно ја одбранија својата докторска дисертација поминувајќи ги сите пропишани процедури и донесени одлуки преку органите на управување на Факултетот.

Посебни активности се превзмени од страна на Деканатската управа и Раководителите на студиските програми за добивање на акредитација и Решениа за почеток на студиите.

Така по добивањето на Решение за акредитација бр. 08-263/6 од 28.9.2021 година од страна на Одборот за акредитација на високото образование, Факултетот достави барање бр. 03-1387 од 30.09.2021 година до Агенцијата за квалитет на високото образование за утврдување на исполнетста на условите за почеток на студиите на студиската програма од трет циклус на студии по Ветеринарна медицина. Комисијата формирана од Агенцијата за квалитет на високото образование изврши увид и изготви извештај бр. 09-933/3 од 13.10 2021 година и констатира дека се исполнети условите за почеток на работа на студиската програма. Владата на Р. С. Македонија на седнивата одржана на 2.11.2021 година донесе Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по Ветеринарна медицина на ФВМС со бр. 40-11134/1 од 2.11.2021 година.

Исто така Факултетот доби од страна на Владата и Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по

Безбедност на храна на ФВМС со бр. 40-9760/1 од 14.09.2021 година. Решението е добиено врз основа на Решението за акредитација бр. 08-125/4 од 20.11.2020 година од страна на Одборот за акредитација на високото образование и Извештајот бр. 08-312/3 од 16.02.2021 година и констатира дека се исполнети условите за почеток на работа на студиската програма од трет циклус по Безбедност на храна.

## 2.8 Континуирано образование

Континуирано образование на Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје преставува одговорна задача со оглед на позицијата и одговорноста која ја има за нашето општество.

Во доменот на активностите за континуирано образование, во услови на пандемија со Ковид 19 , Факултетот за ветеринарна медицина покажа одредена проактивност и одржа неколку работилници, обуки и други форми на континуирана едукација, пред се за докторите по ветеринарна медицина, за лабораториски тренинг на странски учесници, но исто така и за операторите за производство на храна и обуки поврзани со благосостојбата на животни.

Би сакал да го истакнам потпишаниот Меморандум за соработка помеѓу Факултетот за ветеринарна медицина - Скопје и Ветеринарна Комора на Република Македонија со кој е потврдена заедничката соработка помеѓу договорните институции со цел афирмација и унапредување на ветеринарната медицина и професија во Р. С. Македонија. Со овој Меморандум во рамките на својата основна дејност цвете страни меѓусебно ќе соработуваат во интерес на реализација на цели од заеднички интерес како реализација на едукативни настани (континуирана едукација, спцијализирани обуки, работилници, конгреси, конферннции, семинари и сл.) на теми поврзани со ветеринарната медицина, како и други теми од интерес на Факултетот. Наставно - научниот совет на Факултетот на седницата одржана на 17.02.2021 година со Одлука бр. 0202-148/7 го

одобри склучувањето на Меморандумот за соработка помеѓу Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје и Ветеринарната комора на Република Северна Македонија – Скопје.

Врз основа на овој Меморандум Наставно - научниот совет на Факултетот на седницата одржана на 16.04.2021 година донесе Одлука бр. 0202-437/9 за членови во Телото за координација и комуникација и ги номинира проф. д-р Влатко Илиески, проф. д-р Тони Довенски и проф. д-р Ксенија Илиевска како преставници од Факултетот кои ќе ги координираат активностите помеѓу работните групи од Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје и Ветеринарната комора на Република Северна Македонија – Скопје.

Во изднина се очекува примена на овој меморандум во делот на континуираната едукација која е еден од императивите на Факултетот.

Како што напоменав, во извештајниот период се реализираа и неколку обуки кои секоја година ФВМ-С ги изведува во зависност од барањата на стопанството или други научни, едукативни или стручни институции.

Така, вработените на Институтот за храна и оваа година извршија обуки за стручната подготовка за основните знаења за безбедноста на храната а во врска со „Правилникот за поблиски барања по однос на стручната подготовка и основните знаења за безбедност на храната, програма за стекнување на основните знаења за безбедност на храната, условите кои треба да ги исполнат правните и физичките лица кои спроведуваат обуки за основните знаења за безбедност на храната, во согласност со правилата за добра хигиенска пракса, заштита на животната средина, начинот на проверката на знаењата и издавањето потврди за стекнати основни знаења за безбедност на храната (Сл. Весник на РМ бр. 5/2013)“ и тоа:

- обука за Друштвото за трговија, производство и услуги ГРАНД ЕКСПОРТ за организирање на курс за хигиена на храна и заштита на

животната средина за 9 нововработени лица во подружницата Grand Foods Corporation (10.1.2021).

- обука за спроведување на обуки за Курс по основи на хигиена на храна за 4 вработени во Млекара АД – Битола (31.3.2021).
- обука за ЕЛИДА ДОО – Куманово за организирање на обука на 12 вработени (20.11.2021).

Посебно беа активни наставниците од Центарот за благосостојба на ФВМ-С кои одржаа едукативни обуки од областа на благосостојбата на животните врз основа ги претходно добиените Решениа од Агенцијата за храна и ветеринарство со кое Факултетот за ветеринарана медицина-Скопје, Центар за благосостојба на животни се овластува: да држи обуки, спроведува испит и издава уверение за компетентност на возачи и надзорници на транспорт на живи животни и да врши обука на лица од собирни центри и добиточни пазари и да држи обуки и издава сертификат за компетентност за заштита и благосостојба на животни за време на колење и убивање на животни и придружни операции во кланица.

Извршени се следниве обуки:

- Обука за превоз на живи животни (вкупно 150 партиципанти):
  - Скопје, 10 партиципанти на ден 02.09.2021 и испит на ден 10.09.2021 ,
  - Скопје, 2 партиципанти на ден 07.12.2021 и испит на ден 13.12.2021,
  - Скопје, 4 партиципанти на ден 30.08.2021 и испит на ден 31.08.2021,
  - Скопје, 2 партиципанти на ден 20.09.2021 и испит на ден 21.09.2021,
  - Скопје, 99 партиципанти на ден 10.05.2021 и испит на ден 20.05.2021,
  - Скопје, 17 партиципанти на ден 28.06.2021 и испит на ден 28.06.2021,

- Скопје, 3 партиципанти на ден 10.02.2021 и испит на ден 18.02.2021,
- Скопје, 6 партиципанти на ден 27.01.2021 и испит на ден 03.02.2021,
- Скопје, 3 партиципанти на ден 15.03.2021 и испит на ден 18.03.2021,
- Скопје, 1 партиципанти на ден 18.01.2021 и испит на ден 26.01.2021,
- Скопје, 1 партиципанти на ден 18.01.2021 и испит на ден 27.01.2021,
- Скопје, 2 партиципанти на ден 20.01.2021 и испит на ден 27.01.2021,

- Обука за персонал за работа во прифатилиште за бездомни животни (вкупно 16 партиципанти)
    - Скопје 3 партиципанти на ден 20.05. 2021
    - Скопје 3 партиципанти на ден 27.01. 2021
    - Скопје 1 партиципанти на ден 10.03. 2021
    - Скопје 4 партиципанти на ден 07.05. 2021
    - Скопје 3 партиципанти на ден 07.09. 2021
    - Скопје 2 партиципанти на ден 08.07. 2021
- Обука за тренери за тест за социјализација на кучиња, 7 партиципанти на ден 08.06.2021
- Обука за тест за социјализација на кучиња, 45 партиципанти на ден 07.06.2021

Во рамките на Проектот National Platform for Improving Biosecurity in Dairy Cattle Farms (NAPIB) на Факултетот а во соработка со Агенцијата за храна и ветеринарство и Ветеринарната Комора, се организираа обуки за "Фармска биосигурност" и "Проценка на биосигурноста во фарми за молзни крави". Еднодневните обуки се организираа во три турнуси преку кои беа обучени вкупно 84 ветеринарни практичари и официјални ветеринари. Обуките се состоеја од теоретска и практична настава и истите од страна

учесниците беа оценети со просечна оценка >4.6 (на скала од 1-5), а исто така беше истакната потребата од организирање на слични обуки од страна на Факултетот и во иднина.

Активностите на киолегите од Ветеринарниот институт исто така имаа голем придонес во остварувањето на континуираната едукација.

Во рамките на континуираната соработка со заедничката дивизија на Организацијата за храна и земјоделие (FAO) и Меѓународната агенција за атомска енергија (IAEA), Факултетот организираше три (3) тематски тренинзи за вкупно петмина научни работници од Ветеринарниот институт при Академијата за земјоделски науки на Таџикистан.

Тренинзите беа реализирани во период од два месеци (октомври-ноември), по програма изработена од стручниот кадар на Факултетот и истите содржеа лекции и практични вежби за:

- серолошки техники и тестови за детекција и диференцијација на приоритетни болести кај животните и зоонози;
- молекуларни дијагностички техники, вклучително и напредни технологии за дијагностика и типизација,
- имплементирање, одржување и надзор на меѓународниот стандард за квалитет ISO 17025 во дијагностички лаборатории за здравствена заштита на животните.

Обучените кандидати стекнатото знаење ќе го имплементираат на тој начин што ќе обезбедат трансфер на совладаните техники во својата земја. Факултетот со своето повеќегодишно искуство и богато портфолио на успешно реализирани меѓународни обуки продолжува да дава придонес во подобрување на регионалната и глобалната дијагностика на заразните болести кај животните, но и да ја шири својата мрежа на професионални контакти и институции со кои одржува блиска соработка.

Тука посебно сакам да ги истакнам и планираните активности за одржување на два собира кои поради новонастаната состојба со пандемијата а беа одложени за следните години.

Така, Наставно научниот совет донесе нова Одлука бр. 0202-1695/11 од 3.12.2021 година за одржување на претходно предвидениот настан кој требаше да се одржи во 2020 година, во организација на Факултетот за ветеринарна медицина на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, заедно со Чарлс Луис Дејвис и Самуел Весли Томпсон ДВМ Фондацијата од САД да го организираат 3-тиот меѓународен состанок на Фондацијата за ветеринарнарна патологија на источна Европа. Настанот ќе се одржи 25-27. 05.2022 година во Охрид.

Деканатската управа ќе иницира и традиционалниот научен-стручен собор "Денови за ветеринарна медицина" кои беа планирани да се организираат во септември 2020 и 2021 (а се одложени со одлуки на ННС), да се одржат во 2022 година за што ќе се донесат соодветни одлуки на органите на Факултетот.

# 3. НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Научно-истражувачката дејност на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје се одвива преку реализација на активности на вработените во научно-истражувачки проекти, изработка на дипломски и докторски трудови, учество на стручни и научни собири, објавување на научни трудови во научни списанија и други активности.

Посебно значење за подобрување на условите за научно-истражувачка работа има опременоста на катедрите, лабораториите и капацитетите на Универзитетската ветеринарна болница. Превземените активности овозможуваат наставно-научниот кадар на Факултетот, да ги зголеми научните потенцијали со можности за апликација на идни научно-истражувачки проекти од областа на ветеринарната медицина и сродните дисциплини.

Вработените на ФВМС во извештајниот период и понатаму ги продолжија своите активности на неколку постојни, но успеаа да започнат и нови научно-истражувачки проекти.

Активности имаше во следниве проекти:

1. Меѓунароен проект: Integrated Radiometric and Complementary Techniques for Mixed Contaminants and Residues in Food. Главен истражувач е д-р Џемс Сасаниа а учесници од ФВМС се проф. д-р Зехра Хајрулаи-Муслиу, проф. д-р Велимир Стојковски, проф. д-р Деан Јанкулоски, проф. д-р Лазо Пендовски, Ристо Узунов, ДВМ. Проектот е финансиран од IAEA (17.03.2017-16.03.2022)
2. Меѓународен проект: Addressing the dual emerging threats of African Swine Fever and Lumpy Skin Disease in Europe (DEFEND), финансиран од: Horizon 2020, главен истражувач: The Pirbright Institute Lbg, учесници од ФВМС: доц. д-р Игор Џаџовски, доц. д-р Кирил Крстевски, времетраење: 2018-2023.
3. Меѓународен проект: European network for sharing data on the geographic distribution on arthropod vectors, transmitting human and

animal diseases agents, финансиран од: Европска Унија, EFSA и ECDC истражувачки проект, главен истражувач: Marieta Braks, учесници од ФВМ-С: проф. д-р Јована Стефановска, д-р Александар Цветковиќ, времетраење: 2019-2023.

4. Меѓународен проект: Improving Early Detection and Rapid Response to Potential Outbreaks of Priority Animal and Zoonotic Diseases, финансиран од: Европска Унија, IAEA истражувачки проект, главен истражувач: Mr Teufik Goletic, учесници од ФВМ-С: проф. д-р Јована Стефановска, доц. д-р Кирил Крстевски, доц. д-р Игор Џаџовски, Загорка Попова, времетраење: 2020-2023.
5. Меѓународен проект: Enhancing the Capacity to Integrate Sterile Insect Technique in the Effective Management of Invasive Aedes Mosquitoes, финансиран од: Европска Унија, IAEA истражувачки проект, главен истражувач: Dr. Antonios Michaelakis, учесници од ФВМС: проф. д-р Јована Стефановска, д-р Александар Цветковиќ, Љубица Рашиќ ДВМ, времетраење: 2020-2023.
6. Национален проект: Биомониторинг на антимикробна отпорност и типизација на патогени и коменсални бактерииии во отпадни води од објакти за производство на храна“ - главен истражувач д-р Катерина Благоевска, Времетраење: 2019-2020, Финансиран од: УКИМ
7. Меѓународен проект: Digital Education in Veterinary Studies (DEVET). Главен истражувач: проф. д-р Игор Улчар, учесници: проф. д-р Лазо Пендовски, проф. д-р Ксенија Илиевска, проф. д-р Зехра Хајрулаи-Муслиу. Партнери во пректот: Факултет за ветеринарна медицина при Универзитетот во Белград (Србија) (главен носител) Ветеринарен факултет при Универзитетот во Загреб (Хрватска) Времетраење: 01.03.2021-31.05. 2021 Финансиран од: ERASMUS+
8. Меѓународен проект: National Platform for Improving Biosecurity in Dairy Cattle Farms (NAPIB), Главен истражувач: доц. д-р Мирослав Ќосевски, Учесници: доц. д-р Мирослав Ќосевски, проф. д-р Кирил Крстевски, н.сор. д-р Бранко Анѓеловски, проф. д-р Александар Додовски, проф д-р Игор Џаџовски и д-р Александар Јаневски

Партнери во пректот: Food and Veterinary Agency, Macedonian Veterinary Chamber and Association of Farmers Времетраење: 01.20.2021-30.09. 2021 Финансиран од: FAO – EuFMD-SEE FAR

9. Меѓународен проект: Depletion of veterinary pharmaceuticals and radiometric analysis of their residues in animal matrices. Главен истражувач: Проф. д-р Зехра Хајрулаи-Муслиу. Учесници: Проф. д-р Зехра Хајрулаи-Муслиу, Проф. д-р Деан Јанкулоски, Доц. д-р Ристо Узунов Партнери во пректот: IAEA. Времетраење: 03.03.2020-01.06. 2025. Финансиран од: IAEA
10. Меѓународен проект: "Feasibility assessment and investment proposal in the cattle sector" Главен истражувач: проф. д-р Лазо Пендовски. Учесници: проф. д-р Бранко Атанасов, проф. д-р Тони довеснки, проф. д-р Мирослав Ќосевски, проф. д-р Кирил Крстевски, проф. д-р Ксенија Илиеваска, проф. д-р Искра Цветковиќ, проф. д-р Деан Јанкулоски, проф. д-р Благица Сековска и професор од Градежниот факултет при УКИМ. Времетраење: 01.09.2021-01.06.2022. Финансиран од: FAO (Food and Agriculture Organization)

Исто така Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје доби два научно-истражувачки проекти финансирани од Министрството за образование и наука.

Така на објавениот Конкурс за финансирање на научно-истражувачки проекти од посебен и јавен интерес за 2021 година (поддршка за развој на лабораториски ресурси) беа аплицирани 3 проекти од кои Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје доби два научно-истражувачки проекти.

Со проектот „Развој и валидација на мултирезидуални и мултикласни аналитички методи за определување на остатоци од лекови и контаминенти со употреба на изотопски обележани интерни стандарди и примена на техниката LC-Q/TOF" чиј носител е проф. д-р Зехра Хајрулаи Муслиу со својот тим, ќе се овозможи набавка на високо-софистицирана опрема со која ќе се овозможи развој на мултикласни и мултирезудуални методи, односно воспоставување на еден единствен метод со кој

истовремено ќе се анализираат остатоци од лекови и контаминенти во биолошки матрикси и храна. Со ова Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје ќе биде лидер во регионот, поради фактот што развојот на овој тип на методи е во зачеток и во подем на светско ниво и сеуште постојат многу мал број на методи од овој тип.

Другиот проект е со наслов „Опремување и оспособување на Лабораторија за хигиена на животните и заштита на животната средина" чиј носител е доц. д-р Мирослав Ќосевски со својот тим, ќе се овозможи зајакнување на капацитетот на Факултетот, а особено на лабораторијата за хигиена на животните и заштита на животната средина. Поточно, преку овој проект Факултетот ќе се стекне со уште една опремена лабораторија која ќе учествува во наставата, научно-истражувачката и апликативната дејност во доменот на квалитет на воздухот, водата и почвата од аспект на благосостојба и здравје на животните, биосигурноста со ДДД и влијанието на животните врз животната средина.

Активности имаше и во Програма за заштита на биолошката разновидност во сточарството за 2020/21 година во соработка со Факултетот за земјоделски науки и храна каде од одгледувалиштето за бикови од расата Буша во Горно Крушје со помош на електроејакулатор добиени се ејакулати од два бика- Буша, од кои се направени вкупно 430 длабоко замрзнати дози. Исто така од одгледувалиштето во Петралица за овци од расата Праменка добиени ејакулати од 9 овни од кои се направени вкупно 98 длабоко замрзнати дози. Понатаму, од одгледувалиштето за балканска коза во Дедели извадена крв од 10 јарци и добиени се ејакулати од 9 јарци и направени вкупно 123 длабоко замрзнати дози а од одгледувалиштето за каракачански овци во Четирце извадена добиени се ејакулати од 10 јарци од кои се направени вкупно 113 длабоко замрзнати дози. Исто така и од овците кои се чуват на ФВМ-С од расата праменка добиени се ејакулати од 9 овни и направени се вкупно 253 длабоко замрзнати дози на семе.

За потребите на проектот „Национална Платформа за подобрување на биосигурноста на фармите со молзни крави" (NAPIB), каде главен носител е Факултетот, а подржан од FAO (Food and Agriculture Organization)

програма за мали Пилот студии – Применети истражувања на European Commission for the control of Foot-and-Mouth Disease (EuFMD) Southh Eastern Europe (SEE), Наставно-научниот совет на факултетот на седницата одржана на 14.09.2021 година донесе Одлука бр. 0202 - 1222/12 од 14.09.2021 година со која се одобрува склучувањето на Меморандум за соработка помеѓу Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје и Агенцијата за храна и ветеринарство со цел заедничка соработка во реализација на проектните активности.

Покрај новодобиените проекти, наставно-научниот кадар на Факултетот аплицираше проекти и тоа:

1. Меѓунароеден проект „Vet Skills for Non-Convencional Animals" во програмата ERASMUS+ (KA220 Cooperation of HED Cooperation partnerships in higher education). Партнери на проектот се: Факултет за ветеринарна медицина во Скопје, Ветеринарна клиника за егзотични животни од Португалија и Универзитетот во Загреб, Хрватска. Главен истражувач од страна на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје е проф. д-р Ксенија Илиевска. (Одлука на ННС бр. 0202-663/8 од 25.05.2021 година)
2. Национален проект: Академски бизнис инкубатор - Проект за пчелин отров - Лабораторија за производство FAB LAB" на јавниот повик за Предизвик за воспоставување на лабортории за производство FAB LABS „Младите создаваат" во програмата за Фондот за иновации и технолошки развој - главен истражувач проф.д-р Деан Јанкуловски. (Одлука на ННС бр. 0201 - 1222/14 од 14.09.2021 година).
3. Меѓунароеден проект „Western Balkans Research Hub for Veterinary medicine and animal science" аплициран во рамки на Европската програма HORIZON, повик Twining Western Balkans – поднесен од доц. д-р Мирослав Ќосевски. (Одлука на ННС бр. 0201 - 1222/16 од 14.09.2021 година)
4. Меѓунароеден проект "Research of the impact of climate change on the occurrence and spread of specific zoonotic infectious diseases and development of preventive models" на повик Horizon-HLTH-

2021_ENVHLTH-02 (Environment and health (2021), Proposal number: 101057903 Proposal acronym: BALZOON – поднесен од проф. д-р Деан Јанкулоски. (Одлука на ННС бр. 0201 - 1343/11 од 30.09.2021 година)

И во оваа 2021 извештајна година иако е пандемија со Ковид 19, Факултетот по барање на наставно-научниот кадар одвои финансиска подршка за учество на вработените со научни и стручни трудови на неколку настани односно за објавување на научни трудови во различни меѓународни списанија со фактор на влијание, набавка на стручна литература а сето тоа врз основа на Одлука за научно и стручно оспособување на вработените на Факултетот за ветеринарна медицина во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник на УКИМ со бр. 416 од 25 јануари 2019 година), со што се овозможи непречено научно усовршување на кадарот на Факултетот и воспоставување контакти и соработка со колеги и институции како и промоција на Факултетот и на Универзитетот.

Академскиот кадар на ФВМ-С учествуваше во активностите во мрежата COST (European Coopeartion in Science and Technology). Овие активности се од апликативен карактер, бидејќи целта им е размена на искуства за новите процедури и техники во апликативната и истражувачката работа и организирање обуки за подобрување на професионалните вештини.

Активности имаше во:

1. Maternal interaction with gametes and embryos
   финансиран од: Европска Унија, COST проект
   главен истражувач: School of Veterinary Medicine, Milan Italy
   учесници од ФВМС: проф. д-р Тони Довенски, проф. д-р Флорина Поповска Перчиниќ, д-р Мартин Николовски, Моника Довенска ДВМ
   времетраење: 2017-2021
2. Ammonia and Greenhouse Gases Emissions from Animal Production Buildings

финансиран од: Европска Унија, COST проект
главен истражувач: д-р Г. Жанг
учесници од ФВМ-С: доц. д-р Александар Додовски, Мирослав Радески ДВМ
времетраење: 2017-2021

3. ENOVA (European Network on Vaccine Adjuvants)
   финансиран од: Европска Унија, COST проект
   главен истражувач: Vaccine Formulation Institute (UK)
   учесници од ФВМС: проф. д-р Славчо Мреношки, проф. д-р Искра Цветковиќ
   времетраење: 2017-2021
4. Combating anthelmintic resistance in ruminants
   Финансиран од: Европска Унија, COST проект
   главен истражувач: Dr. Johannes CHARLIER
   учесници од ФВМС: проф. д-р Јована Стефановска, д-р Александар Цветковиќ, Љубица Рашиќ ДВМ
   времетраење: 2017-2021
5. European Raptor Biomonitoring Facility
   Финансиран од: Европска Унија, COST проект
   главен истражувач: Gue DUKE
   учесници од ФВМС: проф. д-р Благица Сековска, д-р Катерина Благоевска в.н.сор.
   времетраење: 2017-2021
6. In vitro 3-D total cell guidance and fitness
   Финансиран од: Европска Унија, COST проект
   учесници од ФВМС: проф. д-р Тони Довенски
   главен истражувач: Prof Tiziana BREVINI
   времетраење: 2017-2021
7. Aedes invasive moscquitoes
   Финансиран од: Европска Унија, COST проект
   главен истражувач: Prof Alessandra DELLA TORRE

учесници од ФВМС: проф. д-р Јована Стефановска, д-р Александар Цветковиќ, Љубица Рашиќ ДВМ
времетраење: 2018-2022

8. Standardizing output-based surveillance to control non-regulated diseases of cattle in the EU
Финансиран од: Европска Унија, COST проект
главен истражувач: Dr Inge SANTMAN-BERENDS
учесници од ФВМС: проф. д-р Игор Џаџовски, проф. д-р Кирил Крстевски
времетраење: 2018-2022
9. European Network for Optimization of Veterinary Antimicrobial Treatment
Финансиран од: Европска Унија, COST проект
главен истражувач: Mr Peter DAMBORG
учесници од ФВМС: проф. д-р Ромел Велев, проф. д-р Славчо Мреношки, проф. д-р Павле Секуловски, проф. д-р Искра Цветковиќ
времетраење: 2019-2023
10. Risk-based meat inspection and integrated meat safety assurance
Финансиран од: Европска Унија, COST проект
главен истражувач: Dr Bojan BLAGOJEVIC
учесници од ФВМС: доц. д-р Сандра Мојсова, м-р Љупчо Ангеловски, доц. д-р Мирко Проданов
времетраење: 2019-2023
11. Control of Human Pathogenic Micro-organisms in Plant Production Systems
Финансиран од: Европска Унија, COST проект
главен истражувач: Dr Leo VAN OVERBEEK
учесници од ФВМС: доц. д-р Сандра Мојсова, м-р Љупчо Ангеловски
времетраење: 2017-2021
12. Novel tools for test evaluation and disease prevalence estimation" (HARMONY)
Финансиран од: Европска Унија, COST проект

главен истражувач: Dr Polychronis KOSTOULAS
учесници од ФВМС: проф. д-р Игор Џаџовски, проф. д-р Кирил Крстевски
времетраење: 2019-2023

Како главен и одговорен уредник на меѓународното научно списание "Macedonian Veterinary Review" официјална публикација на Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје, заедно со мојот тим и посебно од заменик уредникот, проф. д-р Флорина Поповска Перчиниќ, бевме ангажирани за поголем број активности со цел промоција и зголемување на видливоста на списанието, а со тоа и на самиот Факултет. Во таа насока активностите кои беа преземени во тековната 2021 година вклучуваа надградба на постоечкиот систем за менаџирање на апликација и рецензија на трудови (Manuscript manager) со нови 200 модули и одржување на постоечката интернет страна за научното списание Macedonian Veterinary Review. Од публикување на вториот број во октомври 2020 година па до сега, процесирани се вкупно 71 труд во 2021 година, од кои 11 труда се публикувани во привиот број од Вол. 44 во 2021 година и 11 трудови како онлајн, 39 се одбиени, а останатите се во фаза на рецензија. Направена е обнова на членство на списанието во Македонското здружение на медицински уредници МЗМУ (Macedonian Association of Medical Editors-MAME) и COPE. Успешно се спроведени годишните апликациии за евалуација на списанието во ICI Master Journal List, изготвување и праќање метаподатоци на објавени трудови за Index Copernicus, DOAJ (Directory of Open Access Journals), AGRIS, EBSCO и други релевантни датабази. Како и секоја година ажурирана е листата на рецензенти со нови рецензенти во рамките на Manuscript manager софтверот, како и на интернет страната.

Како и претходните години и овој пат Факултетот во соработка со Медициснкиот факулет, Фармацевтскиот факулет и Стоматолошкиот факулет обезбеди претплата за пристап на Research4Life програмата за 2021 година каде се опфатени сите пет програми на базата AGORA, OARE,

HINARI, ARDI и GOALI со што се овозможи на нашите вработени да имаат директен пристап до научни бази со целосни трудови.

Тука посебно сакам да ја истакнам и промоцијата за почесно звање на проф. д-р Јозеф Лауринчиќ. На 5 ноември 2021 година, во аулата на Ректоратот на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје се одржа свечена промоција за доделување на титулата почесен доктор (doctor honoris causa) на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје за д-р Јозеф Лауринчик, професор на Универзитетот "Константин Филозоф" во Нитра, Р Словачка. Промоцијата на титулата почесен доктор (doctor honoris causa) на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје ја изврши ректорот на УКиМ, проф. д-р Никола Јанкуловски, во присуство проректорите на УКиМ, претседателот на Универзитетскиот сенат, деканот на Факултетот за ветеринарна медицина проф. д-р Лазо Пендовски, продеканите на Факултетот, сенаторите преставници од ФВМС и дел од наставно-научниот кадар на Факултетот. Оваа титула на проф. д-р Јозеф Лауринчик му е доделена во знак на признание за афирмацијата на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје во научната светска заедница како и за неговиот придонес во проширувањето на научните и едукативните капацитети на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје. Проф. д-р Јозеф Лауринчик повеќе од 18 години работи на афирмација и проширување на научните капацитети на Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје. Избран е за визитинг професор по предметот Хистологија со ембриологија, член е на меѓународниот уредувачки одбор на научното списание "Macedonian Veterinary Review" индексирано во престижните Web of Science и Scopus, има објавено стручни книги во ко-авторство со професори од Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје, автор е на научно-поголем број на истражувачки трудови во индексирани списанија во соработка со ко-автори од Факултетот како и изработка на научноистражувачки проекти. Со изборот на проф. д-р Јозеф Лауринчик за почесен доктор на науки (doctor honoris causa), ФВМ-С и УКиМ добија врвен научник и едукатор, човек кој повеќе децении работи

во дејноста и ја шири научната мисла, а во својата работа строго се држи до принципите на научната етика.

Посебно важно за научноистражувачката работа на вработените нашиот Факултет одбележувањето на Светскиот ден на науката.

На 10 ноември 2021 година Ректорот на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје проф. д-р Никола Јанкуловски ги промовираше најдобрите научници на Универзитетот во одделни научноистражувачки подрачја кои постигнале врвни научноистражувачки резултати во изминатата 2020 година. Добитник на наградата во подрачјето на земјоделски и ветеринарни науки е науч. сор. д-р Александар Цветковиќ од Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје. Наградата е знак на признание за неговите покажани врвни резултати во научноистражувачката дејност во 2020 година и придонесот за афирмацијата на Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје и на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Постигантиот успех на колегата науч. сор. д-р Александар Цветковиќ е само потврда за високите научноистражувачки капацитети на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје и уште еден придонес во областа на ветеринарските науки во земјата и пошироко.

Деканатската управа и понатаму ќе продолжи со подигнување на научно-истражувачкте капацитети на ФВМ-С подобрувајќи ги условите за научно-истражувачка работа со опремување на лабораториите што допринесува за зголемување капацитетит и отворање на можности за апликација на научно-истражувачки проекти.

# 4. ПРИМЕНУВАЧКА (АПЛИКАТИВНА) ДЕЈНОСТ

Главен столб за развој на Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје преставува применувачката дејност преку која директно се проверуваат теоријата во практичните аспекти на професијата. Истовремено применувачката дејност преставува значаен финансиски атрибут како дополнителна приходна ставка во факултетскиот буџет преку која се обезбедуваат дополнителни финансиски средства на вработените и студентите, но и сите останати инвестиции пред се капитални како опрема, возила и инвестиции во објектите и инфраструктирата но и тековното одржување, набавка на реагенси, потрошни материјали, осигурувања, инвестиции во човечки ресурси, патувања, обуки и сл.

Преку апликативната работа, ФВМ-С е во постојана комуникација со стопанските субјекти и институциите од јавниот сектор.

Како и во претходните години така и во овој извештаен период, Факултетот учествуваше во постапките за јавни набавки преку кои се потпишани договори за вршење на лабораториски услуги со Агенцијата за храна и ветеринарство и тоа:

- Лабараториски услуги за ветеринарно јавно здравство (11526/2021) од 20.10.2021 4.375.316,10ден.
- Лабораториски услуги за програма на одделни физички, хемиски и биолошки опасности во определени видови или категории храна за 2021 година (05010/2021) од 25.05.2021 999.000,00ден.
- Лабараториски услуги за здравствена заштита на животните од заразни болести (01782/2021) од 12.04.2021 110.898.184,16ден.

Тука мора да истакнам дека иако Факултетот учествуваше и во други две јавни набавки за "Лабораториски услуги за мониторинг на безбедноста на храната", постапките се поништени од страна на договорниот орган од причини кои веќе беа елаборирани на седница на Наставно-научен совет (16.04.2021 , бр. 0202-437), каде деканот поднесе Информација за дописите од Институтот за храна и Ветеринарниот институт кон Агенцијата за храна и ветеринарство со кои ги искажа моменталните и загрижувачки состојби во делот на Здравствената заштита на животни и особено во делот на Безбедноста на храна а во врска со поднесените барања за решавања на статусот со назначен лаборатории и барање за назначување на Факултетот за Национална референтна лабораторија и овластена лабораторија.

За жал повратни информации нема од Агенцијата за храна и ветреинарство, а резултат на тоа е и состојбата дека во државата во 2021 година нема мониторинг на безбедност на храна кој официјално е спроведен од наделжните органи во Агенцијата.

Овие информации со барање за решавање на статустот на назначени лаборатории (национални референтни лаборатории и овластени лаборатории) покрај до Агенцијата за храна и ветеринарство испратени се и до Министертвото за борба против корупција, Министерството за здравство, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и до други релевантни државни иснтитуции.

Иако одговори нема, Факултетот и понатаму ќе се бори за заштита на јавниот интерес во нашата држава.

## 4.1. Акредитација на методи во лабораториите на ФВМС по станадардот ISO 17025

Една од главните задачи на секој декан е унапредување на системот на ISO 17 025 за акредитација на методите во лабораториите на ФВМ-С како круцијален сегмент за развојот на Факултетот.

Во извештајниот период се преземени низа активности за унапредување на стандардот MKS EN ISO:IEC 17025:2018 со проширување на опсегот за акредитација со дополнителни методи.

По повеќе месечна подготовка на документите за МКС EN ISO/IEC 17025:2018 и откако од страна на Менаџерски тим на Факултетот за ветеринарна медицина - Скопје за стандардот „МКС EN ISO/IEC 17025:2018" беа изготвени нацрт верзиите на сите документи, Деканатската управа донесе Одлуки бр. 0201 –227/5-1 и бр. 0201 –227/5-2 од 4.03.2021 година со кои се одобрува 5$^{та}$ верзија од Прирачникот за квалитетот и сите процедури кои произлегуваат од него потребни за функционирање на системот за квалитет согласно барањата од стандардот МКС EN ISO/IEC 17025:2018. Посебно важно е дека процедурите кои произлегуваат од 5$^{та}$ верзија на Прирачникот за квалитет потребни за функционирање на системот за квалитет согласно барањата од стандардот МКС EN ISO/IEC 17025:2018 се применуваат и однесуваат при извршување на севкупната работа на сите единици на Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје.

Координаторот за квалитет за имплементација на стандардот МКС EN ISO/IEC 17025:2018 изготви дигитален систем за полесен контролиран систем на пристап кон документите од системот за квалитет.

Исто така со одлука на Деканатската управа (бр. 0201 - 1212/4 од 9.09.2021 година) се усвои новата листа на Менаџерскиот тим на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје за стандардот „МКС EN ISO/IEC 17025:2018".

Во периодот од 17-19.05.2021 година во лабораториите на ФВМ-С кои се под акредитација извршен е надзор со проширување од страна на Институт за акредитација на Република Северна Македонија согласно стандардот МКС EN ISO/IEC 17025:2018.

Со ова ФВМ-С успешно го помина првиот надзор од четвртиот циклус на акредитација. При тоа извршено е и проширување на опсегот на акредитираните методи од 175 на 190. Меѓу кои ФВМ-С за прв пат во опсегот вклучи и методи за земање на примероци.

Со ова ФВМ-С, со зборовите на оценувачите, останува лабораторија со најмногу акредитирани методи во Р.С. Македонија и пример за квалитет во извршување на лабораториските услуги и во поширокиот регион. Успешното надминување на процесот акредитацијата, одржувањето на системот за квалитет и воведувањето на нови методи, а при тоа одржувајќи го статусот на акредитација на старите методи е резултат на посветеноста, упорноста и напорната работа на персоналот кој работи во лабораториите под опсег на системот на квалитет, а под раководство на менаџерскиот тим за имплементација на МКС EN ISO/IEC 17025:2018.

Во рамките на потребите за одржување на стандардот МКС EN ISO/IEC 17025:2018 реализирани се обуки на наши вработени.

За да се постигнат успешни акредитации непречено се набавуваа реагенси, стандарди, се учествање во меѓулабораториски тестирања, се вршеа редовни сервисирања и калибрација на опремата, и др., за што јас како Декан заедно со Деканатската управа и Координаторот за ИСО 17025 дававме максимална поддршка.

Благодарение на превземените активности и воспоставениот систем за акредитација во лабораториите на ФВМС, во изминатиот период се вршеа анализи за потребите на стопанството и за различни претпријатија, друштва и стопански субјекти по нивно барање.

Во таа насока, во извештајниот период, покрај постоечките, потпишани се доплнително нови 21 договор со комитенти кои комерцијално ги користат услугите на лабораториите на Факултетот, со што се потврдува носечката улога за лабораториските услуги кои ги нуди во државата.

Овој тренд на превзмени активности и во иднина ќе се инстензивира преку веќе превземените чекори во процесот на акредитација и унапредување на новата верзија од стандардот МКС EN ISO/IEC 17025:2018.

# 5. ИНВЕСТИЦИИ ЗА РАЗВОЈ НА ФАКУЛТЕТОТ

Една од основните задачи кои се круцијален дел од работата на Деканот и Деканатската управа а преку кои се овозможува развој на високобразовната, научноистражувачката и апликативната дејност се инвестициите за развој на Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје

Без финансиска подршка од надлежните државни институции навистина е тешко да се развива Факултетот кои исто како и во изминатите 30 години не посветуваат внимание на овој сегмент.

Сепак, Деканот и Деканатската управа во соработка со вработените продолжи со инвестиции од сопствени самофинасирачки средства за да инвестира во развој на Факултеот, а најголемите напори и вложувања се направени во насока на зголемување на капиталните инвестиции.

Така по иницијатаива на Деканатската управа направени се идејни проекти за потребите Факултетот за ветеринарна медицина во Скопј и тоа "Проект за реновирање на внатрешни простории на Факултет за ветеринарна медицина – Скопје (архитектура со тех. бр. 15-07-21) и "Едукативно-итражувачки и апликативен центар за фармски животни и репро центар за преживни животни" (идеен проект тех. бр. 15-05-21) за локација на "Фарма Петровец".

Соочувајќи се со проблеми од просторен капацитет за одржување на парактичната настава на студените на ФВМС по предметот Анатомија на животните а согласно препорактите на ЕАЕВЕ и забелешките од консултатитниот извештај при процесот на евалуација, повикувајќи се на усвоената Стратегија за развој на Факултетот, Деканатската управа спроведе јавна набавка со бр. 11430/2021 за "Реновирање со санација и доуредување на внатрешни простории на Факултетот" во која се предвидени активности за комплетна санација и реновирање на простории за да се создадат предуслови за исполнување на стратешката одлука на Наставно-научниот совет за исполнување н астандардите за ЕАЕВЕ акредитација.

Така направено е реновирање на Предавална бр. 1 на ФВМС и реновирање на Анатомската сала. За таа цел склучени се договори со број 0507 – 1050 /2021 од 29.07.2021 година за изведба на реновирањето со вредност од 3.567.320,30 денари со вклучен ДДВ и Договорот за доделување јавната набавка со број 0507 – 1052 од 30.07.2021 година во висина од 45.312,00 денари со вклучен ДДВ за вршење на стручен надзор врз изведувањето на активностите а согласно спроведена јавна набавка бр. 11922/2021.

По реновирањето во делот на Антомската сала е добиен простор за поставување на анатомски музеј со ормари за чување на препарати, целосно реновиран под со поставување на нелизгачка пвц облога, комплетно реновинарана сала за дисекција со поставување на одводен систем, подни и зидни плочки, посебна соблекувална за студенти, просторија за лабораторијата за пластинација и просторија за чување на базени со анатомски фиксирани препрати и сл.

Истовремено, поранешната анатомска сала е санирана и претворана во сала за обдукции за потребите на катедрата за Патолошка морфологија при Ветеринарниот институт каде веќе беа поставени стационарни фрижидери на +4С за ладење и -25С за замрзнување на кадавери соодветни услови за обдукција на мали и големи животни, простор за студенти и сл.

Со превземените чекори се одстранети уште две забелешка од консулатативниот извештај на ЕАЕВЕ чии најголеми недостатоци се однесуваа на просторните капацитети на анатомија и патологија.

Дополнително направено е целосно реновирање на предавалната 1 која сега има просторен капацитет за повеќе од 64 места подредени во амфитеатрален изглед за присустните во просторијата со пулт за предавачи, говорница и др. Ставен е соодветнен нелизгачки под од пвц, ѕидовите се санирани од пукнатините, поставени се заштити на стаклата, нова струјна и мрежна инсталација со рак ормар и придружна опрема и др. Секако во предавалната се ставени и пртовпожарни уреди со пропратната

сигнализација кои претходно не постоеа и беа опасност за студентите и вработените на Факултетот.

Факултетот доби уште една репрезентаитвна просторија достојна за одржување на предавања за студенти, контуирани едукации, работилници, семинари, работни состаноци и сл.

Исто така, инвестиции се вршеа во сите простории кои опфаќаа санација, реновирање и тековно одржување на сите објекти кои ги користи Факултетот по барање на Раководителлите на внатрешните организациони единици.

Така во зградата на Ветеринарниот институ целосно е реновиран просторот во Лабораторијата за молекуларна дијагностика со репарација и реновирање на мебелот, направена е санација на ходниците во Ветеринарниот институт, со пропратна нивна обработка и кречење, на приемното одделение, санација на елктричната инсталација и сл.

Овие тековни инвестиции ќе продолжат и во иднина во Ветеринарниот институт а ќе се направи обид и за содавање на нова функционална организациона поставеност на лабораториите за потребите на апликативната работа кои и требало да бидат организирани како единствениа функционална единка на еден од спратовите а со можност за создавање на соодветни капацитети за вработените и студентите.

И во Институтот за репродукција се направени тековни одржувања на тоалетите, канцеларискиот простор, реновирана е предавална бр 2.

Тука посебно би сакал да ја извојам иницијативата на Деканот преку поднесок бр. 03-1275 од 28.09.2020 година од ФВМС до Ректорската управа со цел да го разгледаат предметот со барањето за надминување на состојбата со 3$^{те}$ канцеларии кои веќе подолго време не се користат од страна на Институт за сточарство а се во објект кој го користи Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје. Со Одлука бр. 02 –849/13 од 22.10.2020 година донесена врз основа на членот 208, став 1, алинеја 18 од Статутот на Универзитот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје („Универзитетски гласник“ бр. 425/2019), Ректорската управа на 253. седница одржана на 22.10.2020 година формира Комисија која согласно документацијата и увидот во

фактичката состојба и предложи на Ректорската управа да донесе одлука со која Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје ќе го превземе владеењето и користењето на трите простории во зграда 5 на ИЛ 2269, со адреса, ул. Лазар Поп Трајков 5-7 Скопје според план "Комплеск Ветерина", до правосилно завршување на постапката 4. ПС -170/15 и други судски предмети во врска со предметниот имот со цел создавање на една функционална целина и пред се заштита на имотот на Универзитетот во понатамошните постапки пред надлежните институции во државата.

Во 2021 година направена е комплетно реновирање (обнова на пропаднатиот под, поставување на ламинат, санирање на многу оштетените ѕидови, нова електрична и мрежна инсталација и др.) во 3[те] канцелатрии кои сега се простории на ФВМС и се користат од нашите професори кои се дел од Универзитетската ветеринарна болница.

И во Институтот за храна имаше развојни инвестиции преку реновирање и одржување на Лабораториите за микробиологија, Лабораторите за ГМО, Лабораторијата за резидуи и контаминенти и сл.

Покрај тоа, во сите објекти на Факултетот континуирано се вложува во одржувањето на инсталациите што ќе представува постојана обврска на Деканатот.

Во 2021 година значително е подобрена состојбата за земање на мостри на терен за потребите од апликативна работа преку набавка на патничко возило.

Факултетот спроведе јавна набвка бр. 06307/2021 од 15.04.2021 за набавка на возило за потребите за извшување на дејноста.

По спроведента постапка набавено е возило тип CITROEN JUMPER, 30 L1H1 2.2 HDI 130 HP) (Договор бр.. 0507-654 од 18.05.2021 година) вкупна вредност од 1.440.004 денари со ДДВ. Она што е важно за ова возило е дека е опремено со изолација во товарниот простор според европски ATP норми со цел соодветна намена за транспорт на храна и ткива од животинско потекло кои можат да се чистат и дезинфицират и разладен уред и држач за компресор со проток на воздух најмалку 740 m3/h и фреон

– тип R134a и вграден дисплеј за контрола на температура преку кабината на возилото.

Со тоа Факултетот во изминатите четири години целосно го обнови возниот парк и содаде услови за развој и унапредување на дејноста преку можности за отворање на нови полиња за работа.

Еден од најголемите приоритети на мене како Декан и на Деканатската управа во извештајниот период беше да се изврши осовременување и дополнување на лабораториските капацитети со нова и посовремена опрема.

Во измината година преку спроведени постапки за јавни набавки е набавена опрема од самофинасирачки извори. Во овој дел на извештајниот период прикажувам само дел од капиталната опрема која вклучува:

- Автоматизиран систем за изведба и отчитување на ЕЛИСА тестирања (Договор бр. 0507-70 од 21.05.2021 со вредност од 2.265.600 ден со ДДВ)
- Генетски анализатор (Договор бр. 0507-70 од 21.05.2021 со вредност од 3.422.000 ден со ДДВ)
- Светлосен микроскоп за патологија (Договор бр. 0507-703 од 21.05.2021 со вредност од 993.404 ден со ДДВ)
- Апарат за лиофилизација (лиофилизатор) со кондензатор (Договор бр. 0507-1537 од 27.10.2021 година, 1.475.000 ден со ДДВ)
- Апарат за хомогенизација – хомогенизатор (Договор бр. 0507-1537 од 27.10.2021 година, 103.840 ден со ДДВ)
- Парен стерилизатор – автоклав (Договор бр. 0507- 1541 од 27.10.2021, со вредност од 582.114 ден со ДДВ)
- Лабораториски CO2 инкубатор (Договор бр. 0507- 1541 од 27.10.2021 , со вредност од 272.580 ден со ДДВ)

- Термална орбитална тресалка-инкубатор (Договор бр. 0507- 1541 од 27.10.2021, со вредност од 305.856 ден со ДДВ)

- Автоклав (Договор бр. 0507- 1540 од 27.10.2021, со вредност од 382.320 ден со ДДВ)

- Преносен систем за периодично мониторирање на амбиентална прашина во реално време во фарми за надворешна и внатрешна употреба (Договор бр. 0507-1490 од 18.10.2021, вредност со ДДВ 346.920,00 ден.)

- Ветеринарен ригиден ендоскоп со извор на светлина за трансцервикално осеменување кај кучиња со систем на пренослива ендоскопска камера (Договор бр. 0507-1491 од 18.10.2021, вредност со ДДВ 529.112,00 ден.)

Тука посебно сакам да ја одвојам набавената опрема за "Масена спектрометрија со индуктивно спрегната плазма за анализа на тешки метали во различни примероци – ICP/MS" со вредност од 11.598.414,00 ден., со ДДВ согласно Договорот бр. 0507-1489 од 18.10.2021 година. Средствата за реализација на договорот за јавна набавка се обезбедени врз основа на потпишаниот Меморандум за соработка бр. 03-254 од 3.03.2021 година и потпишаниот договор за набавка на опрема за лабораториски анализи за квалитет и безбедност на храна со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство бр. 03-487 од 13.04.2021 година.

Ова е прва и посериозна инцестиција на државата во изминтаиот период која силно ја поздравувам. Министертвото за земјоделие, шумарство и водостпоанство ги препозна капацитетите на Факултеот и силно не подржа во набавка на опремата.

Покрај наведената опрема, за потребите на лабораториите е набавена бела техника (ладилници, микробранови печки, климатизери, грејни тела, и сл.), направена е набавка на персонални компјутери, телвизор и друга информатичка опрема и др.

Во текот на оваа година, покрај сеуште присутната пандемија со КОВИД 19, благодарение на активноста на колегите од Универзитетската ветеринарна болница, нивната посветеност и амбиција во однос на подобрување на квалитетот на услугите беше донирана ултразвучна сонда со водилка за биопсија (земање на примерок) соодветна за ултразвучниот доплер ESAOTE во износ од 292.125,00 ден. (4.750 евра), со што ќе се овозможи унапредување на ултразвучната дијагностика, како и контролирано земање на примероци.

Секако за ова имаа отворена подршка од мене како Декан што преставува позитивен пример за тоа како се гради една институција и како треба преку ангажман да се допринесува за развој на Факултетот.

Инвестициите за унапредување и развој на Факултетот, пред се за капитални ресурси ќе продолжат и во иднина за кои јас како Декан заедно со Деканатската управа ќе даваме целосна подршка.

# 6. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И АКТИВНОСТИ НА ОПШТЕСТВЕНО НИВО

Меѓународната соработка на Факултетот континуирано се одвива на различни нивоа и области на регионално, европско и светско ниво.

Така, покрај бројните индивидуални меѓународни активности на наставно-научниот и научниот кадар на Факултетот, во изминатиот период продолжија да се реализираат и меѓународните програми и мрежи во кои Факултетот членува. Иако, COVID рестрикциите беа значителен лимитирачки фактор, сепак предвидените програми за меѓународна соработка продолжија да се реализираат.

Во овој дела на извештајот би сакал да ја истакнам активноста поврзана со формирањето на Одборот за меѓународна соработка согласно Статутот на Факултетот (Одлука на ННС бр. 0202-1503 од 26.10.2021).

Со Одборот за меѓународна соработка раководи Продеканот за наука и меѓународна соработка и е составен од седум членови. Членовите на одборот ги преставуваат и постојните програми и тела на Факултетот преку кои се одвиваат меѓународните активности. Основната задача на Одборот за меѓународна соработка е развој и унапредување на меѓународната соработка со други сродни факултети, високообразовни и научни институции од Европа и Светот. Преку формирањето на овој Одбор ќе се придонесе кон координиран пристап при реализација на меѓународните активности на Факултетот, како и кон зголемување на квантитетот и квалитетот на меѓународната соработка. Одборот за меѓународна соработка ќе иззготвува и работи според годишни програми за работа што ќе ги усвојува ННС на предлог на одборот.

Во Декември 2021 година Одборот ја донесе својата прва годишна програма за работа за 2022 година која ќе биде доставена на преглед и усвојување од страна на Деканатската управа и ННС на Факултетот.

Исто така, на полето на меѓународната соработка и активности на општествено ниво, Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје оствари

голем број на активности во областа на високото образование, размена на информации, размена на научни публикации, учество во заеднички научно-истражувачки програми и проекти, активности поврзани со анализи на аналити со акредитирани методи и сл.

Во пограма ERASMUS+ во која Факултетот има воспоставено соработка со 14 Универзитети/Факултети за реализација на оваа програма во летниот семестар во академската 2020/2021 нашиот Факултет го посети проф. д-р Александар Сироткин експерт по биологија на репродукција од Факултетот за природни науки при Универзитетот Константин Филозоф во Нитра, Р. Словачка. Професорот престојуваше на Катедрата за репродукција во периодот од 13-17.9.2021 и одржа предавање за "Нови регулатори на функциите на јајниците". Неговата посета на Факултетот овозможи зголемување на интересот за методите кои се применуваат на Факултетот за природни науки во Нитра што ќе допринесе за понатамошни акттивности при апликација на заеднички проекти.

Исо така во период од 14 - 20 ноември 2021 година преку програмата ERASMUS + (K103 – програма за индивидуална мобилност на наставен кадар) проф. д-р Ulaş ACÖROZ и проф. д-р Damla ARSLAN ACÖROZ кои се професори на Факултет за ветеринарна медицина при Универзитетот „Афион Коџатепе" во Р. Турција беа дојдени во посета на ветеринаниот Факултет во Скопје. Проф. д-р Damla ARSLAN ACÖROZ одржа предавање на студентите на Катедрата за биохемија и биологија на клетка. Проф. д-р Ulaş ACÖROZ одржа предавање на студентите на Катедра за хигиена и технологија на месо и месни производи. Професорите остварија работен состанок со проф. д-р Зехра Хајрулаи-Муслиу во врска со апликација на заеднички ERASMUS+ проект за квалитет на мед помеѓу Факултет за ветеринарна медицина-Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и Факултет за ветеринарна медицина при Универзитетот „Афион Коџатепе" во Р. Турција. Во лабораторијата за аналитичка хемија на храна и храна за животни, имаа можност да учествуваат во анализите за квалитет на мед (припрема на мостри, анализи со класични методи, со хроматографски и со спектофотометриски методи).

Во периодот од 16 - 17 декември 2021 година во рамките на програмата за мобилност ERASMUS+, на Факултетот за ветеринарна медицина престојуваше проф. д-р Артур Ниежевич, продекан на Ветеринарниот факултет во Вроцлав, Полска кој одржа неколку предавања по предметот Внатрешни болести на домашни миленици и копитари, со следните теми:

- Endoscopy - Diagnostic procedures in horses and additional procedures (BAL, TW, TTW)
- Upper airways problems in horses
- Lower airways problems in horses

Активности имаше и во VetNEST мрежата.

Така на 9 септември 2021 година проф. д-р Лазо Пендовски, проф. д-р Зехра Хајрулаи-Муслиу и проф. д-р Игор Улчар учествуваа на годишното собрание на мрежата VetNEST, кое што, слично како и минатата година, требаше во ова врме да се одржи во Љубљана, но поради пандемијата со Ковид-19 тоа беше повторно откажано, а наместо него беше закажана вирутелна он-лине конференција. Покрај претставниците од нашиот Факултет, на конференцијата учествуваа претставници на сите останати факултети/универзитети членки на мрежата: Универзитетот за ветеринарна медицина од Виена (Австрија), Универзитетот за ветеринарна медицина од Будимпешта (Унгарија), Ветеринарниот факултет од Љубљана (Словенија), Ветеринарниот факултет од Загреб (Хрватска), Универзитетот за ветеринарна медицина и фармација од Кошице (Словачка), Универзитетот за ветеринарни науки (некогашен Универзитет за ветеринарна медицина и фармација) од Брно (Чешка Република), Ветеринарниот факултет од Сараево (Босна и Херцеговина), Факултетот за ветеринарна медицина од Белград (Србија), Факултетот за ветеринарна медицина од Вроцлав (Полска) и Ветеринарниот факултет од Тирана (Албанија). Со состанокот претседаваше проф. д-р Тибор Барта, проректор за меѓународни односи од Универзитетот за ветеринарна медицина од Будимпешта. Како посебна точка беше ставено излагањето на проф. д-р Влатко Илиески од Факултетот

за ветеринарна медицина – Скопје, кој ги презентираше активностите поврзани со Летната школа за благосостојба на животните и етика. Оваа летна школа требаше да се одржи минатата година во Охрид, но е презакажана за оваа година и треба да се одржи вииртуелно кон крајот на септември.

Во извештајниот период соработката на ФВМС е проширена со два странски факултети/академии со кои се потпишани договори и тоа:

- Договор за соработка помеѓу Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје и Универзитетот во Олштин, Полска ( арх. бр. 03-317 од 18.03.2021 година)
- Договор за соработка меѓу Федералната државна буџетска образовна институција за високо образование „Новисибирски државен аграрен универзитет, Биолошко – технолошки факултет", Новосибирск, Руска Федерација арх. (бр. 03-1499 од 19.10.2021 година)

Доказ за поседување на високо развиени едукативно-истражувачки капацитети и лаборатории по ИСО 17025 на меѓународен план се добиените признанија за "Најдобри во Агробизнисот" за Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје и за деканот проф. д-р Лазо Пендовски на 88. Меѓународен саем за земјоделство во Нови Сад, Србија.

Имено, Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје на 88. Меѓународен саем за земјоделство кој се одржа во Нови Сад, Република Србија организиран од партнер земјата Репулика Чешка, освои специјално признание за "Меѓународен допринос во агробизнисот" при оценувањето на квалитетот на услугите како високобразовна и научноистражувачка институција во категоријата "Најдобри во агробизнисот". На традиционалната "Вечер на шампиони", признанието го прими деканот проф. д-р Лазо Пендовски, кој се заблагодари од името на вработените на Факултетот.

Покрај наградата за Факултетот, специјална награда од страна на Комисијата за оценка за најдобрите, е доделена и лично за проф. д-р Лазо

Пендовски за развој на едукативно-истражувачките капацитети и лаборатории по ИСО 17 025 на Факултетот за заштитата на здравјето на животните и безбедноста на јавното здравје.

Освоените "Дипломи за најдобри во агробизнисот" за Факултетот и за деканот проф. д-р Лазо Пендовски, се проследени со додела на два пехара како симбол на најуспешните на Меѓународниот саем за земјоделство на кој учествуваат и се оценуваат голем број стопански субјекти, производители на храна, научноистражувачки центри, агенции и високобразовни институции од областа на земјоделството и ветеринарството од голем број на земји од регионот.

Со доделените признанија за меѓународен квалитет, Факултетот се стекна со право на користење на логото на Новосадскиот саем за промоција на квалитетот на услугите што е потврда за значењето и улогата на Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје како државна институција која во изминатите 30 години континуирано се грижи за безбедноста на здравјето на животните и луѓето нудејќи квалитетна едукација и врвни лабораторски услуги за здравствената заштита на животните и за безбедност и квалитет на храната која ја конзумираат нашите граѓани.

Добиените награди, посебно од институции од странски држави како Србија и партнер земјата Чешка, преставуваат голема чест, признание и потврда за високо развиените капацитети за едукација, истражување и лабораториски услуги кои ги има Факултетот, кој и понатаму ќе продолжи да ги унапредува и развива како државна институција.

Во период од 26-27.09.2021 година на покана на Претседателот на организациониот одбор, делегација од Факултететот преставена од деканот проф. д-р Лазо Пендовски заедно со продеканите проф. д-р Ксенија Илиевска и проф. д-р Искра Цветковиќ учествуваа на Научно-стручниот собир Ветеринарски денови-2021 во Водици, Хрватска во организација на Ветеринарната комора на Р. Хрватска, Ветеринарниот факултет од Загреб и Ветеринарниот институт на Хрватска. На собирот беа презентирани бројни теми како од областа на малата и големата пракса, така и од ветеринарното јавно здравство со посебен осврт на сеуште актуелната состојба со Ковид-19.

Исто така во периодот од 28-29.09.2021 на покана на Организациониот одбор, Факултетот завзема учество на 61та Научна конференција со меѓународно учество MEATCON 2021, во Златибор, Р. Србија, на која беше доделена и Благодарница на Деканот проф. д-р Лазо Пендовски за поебен придонес во фразвој на Институтот за хигиена и технологија на месо од Белград.

Делагација од Факултетот (деканот проф. д-р Лазо Пендовски заедно со продеканите проф. д-р Ксенија Илиевска и проф. д-р Искра Цветковиќ) во период од 11 до 13 ноември 2021 година, по покана од страна на Деканот на Ветеринарниот факултет во Загреб, присуствуваа на свечената седница по повод прослава на 102та годишнина од формирање на Факултетот.

Исто така, на 24 ноември 2021 година по повод 85 години од основањето на Факултетот за ветеринарна медицина при Универзитетот во Белград делегација од ФВМС предводена од деканот проф. д-р Лазо Пендовски заедно со продеканите доц. д-р Мирослав Ќосевски, проф. д-р Ксенија Илиевска и раководителот на Иинститутот за репродукција и биомедицина проф. д-р Тони Довеснки оствариjа официjална посета каде на свечената академија ФВМ-С е одликуван со "ЗЛАТНА ПЛАКЕТА" за успешна соработка и допринос за развојот на Факултетот за ветеринарна медицина во Белград. Наградата на свечената академија ја прими деканот на ФВМС, проф. д-р Лазо Пендовски, кој од името на вработените му честита на проф. д-р Милорад Мириловиќ декан на Факултетот за ветеринарна медицина при Универзитетот во Белград и на наговиот тим за постигнатите успеси на оваа престижна високообразовна институција, лидер во ветеринарната медицина во регионот и пошироко во југоисточна Европа.

На меѓународен план беа активни и некои од професорите до ФВМ-С.

Така со Одлука бр. 0202-44/3 од 28.01.2021 година Наставно - научниот совет на Факултетот даде согласност на д-р Трпе Ристоски, вонреден професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, за вршење високообразовна дејност на Ветеринарниот факултет при „University of Warmia and Mazury" во Олштин, Полска во рамките на

постдипломските специјалистички студии по англиски јазик „Pathology and Use of Laboratiry Animals for veterinary surgeons“ во академската 2020/2021 година по предметот „Патологија на лабораториски животни“.

Исто така со Одлука бр. 0202-148/5 од 28.01.2021 година Наставно - научниот совет на Факултетот даде согласност на проф. д-р Кирил Крстевски, вонреден професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, за вршење високообразовна дејност на специјалистичките студии „Ветеринарна медицина и јавно здравство“ организирани од Ветеринарниот факултет при Универзитетот во Сараево, Босна и Херцеговина во академската 2020/2021 година студиум како предавач по предметот „Дијагностика на заразни болести“.

Овие поканети професори, само ја потврдуваат активноста и квалитетот кој го поседува наставно-научниот кадар на Факултетот за кој јас како декан давам огромна подршка и респект.

На полето на општествената активност, Деканатот и оваа година ги вклучуваше сите вработени на Факултетот преку нивна номинација во стручните и професионални асоцијации од областа на ветеринарната медицина, координативни тела, судски вештачења и работни групи од разни министерства и агенции како и во универзитетските тела.

Соработката на нашиот Факултет е на исклучително виско ниво со останатите факултети од УКИМ, а пред сè оние кои ни даваат наставни услуги преку наставници и соработници ангажирани во наставниот процес, но и соработката со факултетите од биотехничкото подрачје од нашиот кампус, со кои остваруваме исклучителна соработка и постојано бараме начини за нејзино продлабочување и проширување.

Сите овие превземени активности на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје овозможуваат да во рамките на Универзитетот, државата и во опкружувањето, континуирано се потврди неговото високо реноме.

## 7. КАДРОВСКА СОСТОЈБА НА ФАКУЛТЕТОТ

Почитувајќи ја интегративноста на Универзитетот во однос на решавањето на проблемот со примање на нови кадри во нашата институција, деканот на Факултетот и во изминатата година превзеде низа активности за подобрување на кадровската состојба на институцијата.

Актуелен проблем претставува кадровската екипираност на одредени катедри, недостаток на асистенти, доктори по ветеринарна медицина, стручни соработници, стручни соработници-аналитичари, лаборанти, ветеринарни техничари и кадри во административната служба.

За таа цел поднесени се повеќе барања за вработувања преку Униврезитетот до Министерството за образование и наука и Министерството за финасии и тоа:

- Барање согласност за ангажирање на 10 лица врз основа на авторски договор за 2021 година (арх. бр. 03-73 од 1.02.2021 година)
- Барање за нови вработувања на Факултет за ветеринарна медицина-Скопје за 2021 година и тоа за десет (10) лица на ниво В1 – асистент, две лица на ниво Г1 - доктор по ветеринарна медицина, едно лице на ниво Г1 - стручен соработник и стручен соработник – аналитичар, три лица на ниво Г3 - лаборант и две (2) лица на ниво Г3 - ветеринарен техничар. (арх. бр. 03-74 од 1.02.2021 година)
- Барање за нови вработувања на стручен кадар за неопределно верме на Факултет за ветеринарна медицина-Скопје и тоа четири (4) лица на ниво Г1 доктор по ветеринарна медицина и едно (1) лице на ниво Г1 - стручен соработник / аналитичар ( арх. бр. 03-532 од 20.04.2021 година)
- Барање за нови вработувања на кадар во стручно-административната служба односно помошно-технички персонал на Факултет за ветеринарна медицина-Скопје за 2021 година (арх. бр. 03-72 од 1.02.2021 година)

Сите барања се подржани од Униврезитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје за позитивно да се решат.

За жал не добивме и оваа година согласности за вработувања на асистенти, доктори по ветеринарна медицина, стручни соработници, стручни соработници-аналитичари, лаборанти и ветеринарни техничари она што всушност е есенцијално за вршење на дејностите на Факултетот.

Но затоа нашите барања резултирааа со добивање на согласности за ангажирање на 10 лица врз основа на авторски договор за 2021 година (известување од МФ арх. бр. 18-2322/2 од 17.3.2021 година) и согласност за нови вработувања на кадар во стручно-административната служба (известување од МФ арх. бр. 18-2549/2 од 07.4.2021 година)

Деканатската управа согласно правилата за вработување, на таранспарентен начин, со објавување на конкурс во дневните гласила вработувањата се реализираа со што ги подобрија човечките ресурси на Факултетот.

Така, Декантската управа доснесе Одлука бр. 0201-343/1 од 24.03.2021 година за објавување на оглас за ангажирање на десет (10) лица врз основа на договор на дело за потребите на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје за период до 31.12.2021 година (бр. 03-363 од 29.03.2021 година) и истиот се објави на интернет страната на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје и на огласната табла. За спроведување на постапката за ангажирање на десет (10) лица врз основа на договор на дело за период до 31.12.2021, се формира Комисија за селекција на кандидатите (проф. д-р Деан Јанкуловски, проф. д-р Ксенија Илиевска и проф. д-р Кирил Крстевски).

Врз основа на поднесените пријави со прилог документите, доказите за исполнување на условите во Огласот и спроведеното интервју со кандидатите, Комисијата изврши селекција на следните 10 кандидати (Нада Цветановска, Борис Димитриевски, Ивана Арсовска, Стефанија Маркозанова, Ивица Велковски, Виолета Јанковиќ, Никола Стаменковски,

Гоце Атанасовски, Лариса Шаќири и Софи Ѓорчевска) кои потпишаа договор со Факултетот.

Вработувањата во стручно-административната служба односно помошно-технички персонал се изврши согласно одредбите на Законот за работни односи, каде се објави Конкурс во два дневни гласила за вработување на определно време. Конкурсите успешно завршија со пополнување на три позиции и тоа помлад соработник за деловно работење, самостоен референт за сметководствени работи и одгледувач на животни заклучно до 31.12.2021 година.

Деканатската управа кон крајот на оваа година превзеде и доплнителни чекори и побара од Министерството за образование и наука и Министерството за финасии барања вработувањата да бидат трансформирани и породолжени во 2022 година за што се уште чекаме и се надеваме на позитивен одговор. ( арх. бр. 03-1569 од 03.11.2021 година, бр. 03-1566/2 од 16.11.2021 година)

Уште поголем е проблемот што немаме позитивни одговори и на веќе поднесените барања за согласности за нашите докторанти каде ги известуваме дека Факултетот е спремен овие трошоци да ги покрие и од сопствени приходи доколку дозволи Министерството за финасии со цел непречено напредување во кариерата а кои на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје согласно стариот Закон за високото образование (Службен весник бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16) во кој не постоеа асистенти, беа даватели на јавни услуги и беа со одлуки на Деканатската управа и Наставно - научниот совет активно вклучени во наставниот процес како докторанди помошници во наставно-образовниот процес при помагање во подготвувањето и изведувањето на лабораториски вежби, клиничка и теренска настава со цел остварување научна и високообразовна дејност на Факултетот. Истовремено Минсистерствата се известени тека во текот на изминатите година Факултетот спроведе исти процедури за уште две звања (еден научен соработик и еден доцент) за кои немавме никакви забелешки,

примедби или сугестии од МОН или МФ пак од било кој друг државен орган и ги замолуваме врз основа на претходно спроведените процедури се овозможи унапредување на наставниот процес на наставни предмети на Факултетот. (арх. бр. 03-1595 од 09.11.2021 година).

Одговорите се уште ги чекаме.

И покрај ваквата состојба, Деканатската управа и понатаму упорно ќе се заложува и ќе ги користи сите расположливи инструменти за да во иднина добиеме што е можно повеќе согласности за работни места со цел кадровско екипирање на ФВМС и тоа на сите можни позиции вклучително наставно-образовен кадар, стручен кадар, лаборанти и вработени во стручно-администативната служба на ФВМС.

## 8. СТУДНЕТИ, СТУДЕНТСКА ОРГАНИЗАЦИЈА И СТУДЕНТСКИ АКТИВНОСТИ

Факултетот за ветеринарна медицина е во тесна соработка со студентите и посветува посебна грижа за нивно вклучување во сите облици на делување на Факултетот.

Така, претставниците на студентите учествуваат во работата на органте на уштравување (ННС и ДУ) и имаат свој претставник и во Комисијата за самоевалуација.

Барањата поврзани со наставниот процес, за финансиска помош, барањата на нивните активности и сл., беа позитивно решавани на седниците на органите за управување на Факултетот.

Студентите се најважниот сегмент од наставниот процес и се носители на инвентивноста а тоа е докажано преку нивното учество како демонстратори на Факултетот но и нивната желба да бидат вклучени во клиничката практика која се одвива во Универзитеттската ветринарна болница. Исто така беа активно вклучени во промотивните активности на

Факултетот но исто така организираа промоција преку настани кои широко ја афирмираат улогата на Факултетот за ветеринарна медицина - Скопје.

Соработката со студентите во текот на 2021 година беше на завидно ниво. Состојбата со пандемијата со Ковид 19 оновозможи нивна зголемена активност како што тоа беше во изминатите години. Тоа особено се одрази кај Интернационалната ветеринарна студентска асоцијација (ИВСА) каде студентите сепак остварија активности.

Така на 18.03.2021 студентите учествуваа на вебинар кој беше организиран од страна на IVSA Torino на тема: "Forensic pathology". Студенти од ФВМС кои присуствуваа беа: Емилија Мурџева, Елисавета Лукановска, Ива Тасевска, Христина Недељковиќ, Бојана Чапкуновска и Ева Андреевска.

Исто така студените учествуваа и на семинар кој беше организиран од страна на IVSA Slovakia на тема: "Pediatric patient" на 27.03.2021. На семинарот присуствуваа студентите: Методи Илиески, Адам Малиноски, Емилија Мурџева, Ненад Димковски, Магдалена Гаврилоска, Јана Ќортошева, Дамјан Петрески, Елена Наумовска, Христина Недељковиќ, Кристина Антовска, Иле Калиновски и Ања Дејкоска.

Во периодот од 27-28.03.2021 беше организирана онлајн студентска размена од страна на IVSA Thessaloniki, заедно со студенти од IVSA Sofia, IVSA Zagreb и IVSA Bucharest. Темата на размената беше: "Infectious diseases in the Balkan peninsula", каде што секоја од земјите учеснички во размената имаше задача да разработи по едно заразно заболување. Покрај сите останати информации за болеста, студентите најмногу се осврнаа на епидемиолошката состојба на Ковид 19. Студенти кои учествуваа на размената се: Елисавета Лукановска, Сандра Ташковска, Мила Брсјак, Дамјан Пешовски, Ева Андреевска, Ирем Адемовиќ.

Студентите заедно со проф. д-р Елена Атанаскова Петров организираа он-лајн едукативна работилница на 30.06.2021 на тема "Потенцијално зоонотски заболувања кај кучињата". Студенти кои присуствуваа на работилницата: Ева Андреевска, Емилија Мурџева, Ирем Адемовиќ, Божидар Живкоски, Магдалена Гаврилоска, Дамјан Петрески,

Тамара Танкоска, Христина Милковска, Елена Наумовска, Иван Тончев, Мила Брсјак, Адам Малиновски, Кристина Антовска, Ненад Димковски, Методи Илиески, Бојана Чапкуновска, Елисавета Лукановска, Верица Попоска, Ивана Василеска, Сандра Ташковска, Ива Тесевска, Иле Калиновски, Матеа Матева, Јана Ќортошева и Никола Петрушев.

Во оваа насока Деканатот постојано ги поттикнуваше студентите да земат активно учество во сите процеси на одлучување и креирање на нови решенија.

И оваа година студентите заедно со Факултетот аплицираа во градот Скопје за одржување на традиционалниот настан "Денови на вашето милениче". За жал за прв пат бевме одбиени од авторитетите и покрај напишаните писма за подршка кои како декан ги давам на студентите.

Јас сум убеден дека следнава година студентските активности ќе продолжат со засилено темпо и ќе бидат темел на симбиозата помеѓу студентите и вработените на Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје.

# 9. УНАПРЕДУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ И ОРГАНИЗАЦИЈАТА ВО ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ СО ПОДОБРУВАЊЕ НА МАТЕРИЈАЛНАТА СОСТОЈБА НА ФАКУЛТЕТОТ

Законските прописи од областа на финансиското работење во Република Северна Македонија, како и прописите од областа на високото образование и општите акти на Универзитетот и Факултетот, го уредуваат финансиското работење на Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје а нивното почитување е главна цел и посветеност од моја страна и од страна на Деканатската управа која во текот на годината донесува бројни одлуки кои се однесуваат на финансиското работење на Факултетот.

Проблемот со соодветно распределување на финансиските планови со кој се соочува Универзитетот е сеуште присутен, поради тоа што Министерството за финансии ги доделува средствата на УКИМ, па доколку се скратени плановите на УКИМ, процентуално се скратуваат плановите на единиците, без да се води сметка колку е реализацијата на истите од претходната година.

И оваа година финансискиот план кој се усвојува на почетокот на годината не кореспондира со одобрените салда по конта од страна на Министрството за финасии а дополнително се усложнија работите со ребалансот на буџетот за новонастанатаа ситуација со КОВИД – 19.

Но и покрај сите овие проблеми Факултетот успева да работи финансиски позитивно и да ја одржи ликвидноста на институцијата.

Наставно - научниот совет на Факултетот на седницата одржана на 17.02.2021 година донесе Одлуки бр. 0202-148/2, бр. 0202-148/3 и бр. 0202-148/4 со кои ги усвои финансискиот план за користење на средствата по сметки, програми, потпрограми и ставки на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје за 2021 година, финансиските извештаи и завршните сметки на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје за 2020 година како и Извештајот за реализираната распределба на дел од средствата

стекнати од партиципација и кофинансирање на трошоците за студирање на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје за 2020 година.

Во соработка со Одделението за финансиски и административни работи преку Продеканот за финансии, постојано се изготвуваат барања за проширување на финансискиот план, со што успешно се надминуваат дел од проблемите на ова поле кое секако е проследено, а особено оваа 2021 година, секако со голема подршка на Ректорот и одговорните лица во Универзитетот.

Во своето работење Деканатот настојува рамноправно и транспарентно да инвестира и да ги опреми сите организациски единици, во смисла на реновирање на објектите и купување на нова и посовремена опрема.

За зголемување на наплатата на побарувањата, а посебно за да не дојде до застарување на истите, во текот на целата година беа поднесувани тужби за наплата од комитентите кои имаа постар заостанат долг, со што се заштитуваа интересите на Факултетот. Исто така, редовно се доставуваа и опомени кон комитентите, со што се подобрува наплатата, а и се гради добар деловен однос, а воедно и се избегнуваат додатните трошоци за поднесување на тужби и решавање на спорови по судски пат.

Централниот магацин овозможува солидна контрола на добавувачите. Софтверски се браат нови решенија за поефикасна контролира на набавката на материјали (реагенси, китови, потрошен материјал и сл.), за да се избегнат непотребните трошоци за набавки на вишоци и создавање на непотребни залихи на кои им истекува рокот за употреба.

Во следниот период заедно со продекнот за финансии ќе воведеме единствени софтерски алатки за системска евиденција за трошење на материјалите и реагенсите по лаборатории со што се овозможи попрецизно изготвување на плановите за јавни набавки земајќи ги во предвид сите економски параметри кои би довеле до подобрување на финансиската сотојба на ФВМ-С.

Вакви алатки се потреби и при порцесите за фактурирање. Во овој момент Факултетот функционира со неколку посебни системи (што е пандан на иснтистуција во институција) кои имаа засебни карактреистики што често пати доведува до појава на технички грешки од страна на вработените во Одделението за финансиски работи поради неодстаток од комуникација, интегрираност и достапност од стручните структури по единици на Факултетот.

Оваа појава е недозводлива и мора што побргу да се промени доколку сакаме прецизност, навременост и точност во делот на сметководственото работење.

Реформите во организационата поставеност на Факултетот се повеќе од неопходни за негово правилно функционирање што ќе шреставува предизвик на Декнот во следната година да се постигне консензус и да се имплементира идеата која потекнува уште пред 20 години а се однесува за внатрешната поставеност на единиците во рамките на Факултетот.

Овој предизвик ќе биде посветенот на Деканот и Деканатската управа во следниот период да се реши и преку интегрирање на финансиките системите во еден кој ќе овозможи простап на вработение од стручно-административана служба со цел подобрување на семтководството во целост односно на Факултетот.

Во поглед на јавните набавки, навремено се носи планот на јавни набавки и истиот се објавува на интернет страната на Факултетот и на ЕЈСН интернет порталот што преставува законска обрска согласно новиот Закон за јавни набавки. Во извештајниот период планот за јавни набавки успешно се реализира со распишување на јавните набавки, (https://www.e-nabavki.gov.mk).

Факултетот преку правилно и навремено планирање, јавно, транспарентно и непречено од сметката од самофинансирачки активности набавува опрема, потрошен материјал и реагенси за континуирано работење на лабораториите на ФВМС, сервисирање, калибрирање и валидација на сета опрема за потребите за акредитација, набавка на

профишенси тестови, длабоко замрзнато семе за i/v феретилизација, храна за животните и се останато кое детално е наведено во плановите за јавни набавки и објавено транспарентно на страната на ЕЈСН. Секако тука се вклучени и набавките за потребите на практичната настава, за потребите во науката и административните потреби на Факултетот.

Унапредувањето на условите и организацијата во финансиското работење со подобрување на материјалната состојба на Факултетот и во иднина ќе биде приоритет во работата на Деканот и Деканатската управа.

## 10. РАБОТА НА ОРГАНИТЕ НА УПРАВУВАЊЕ НА ФАКУЛТЕТОТ

Согласно актите кои ја уредуваат материјата за високото образование, Наставно-научен совет, Деканатска управа и Декан се органи на Факултетот. Наставно-научен совет е орган на управување и стручен орган (член 109 од ЗВО, член 57 и Статут на ФВМС) и брои 37 членови, Деканатската управа е орган управување на Факултетот (член 120 од ЗВО и член 77, Статут на ФВМС) и брои 8 члена а Деканот е раководен орган (член 114 ЗВО и член 66, Статут на ФВМС).

Работата на органите на Факултетот во извештајниот период се одвиваше тековно.

Како декан се придржував на спроведувањето на важечките законски прописи и нормативни акти на Факултетот, Универзитетот и државата. Особен акцент како раководен орган на Факултетот давав на извршувањето на одлуките и заклучоците на Наставно-научниот совет и на Деканатската управа.

Грижата за вршење на високообразовна, научно-истражувачка и применувачка дејност беше во приоритетите на моето работење според постојните законски и нормативни акти.

Во извештајниот период, одржани се редовни седници на органите на управување на Факултетот, и тоа 14 редовни седници на Наставно научниот совет и 18 редовни седници и 1 вонредна седница на Деканатската управа.

Седниците на Наставно-научниот совет и на Деканатската управа се свикуваа навремено со нивно темелно подготвување, со цел тие да бидат што поефикасни и поконструктивни. Особено внимавав на тоа да одлуките за избор во звања да се носат согласно со правилниците за избор на лица во наставно-научни, научни и соработнички звања и за кои одлуката ја носат членовите на ННС.

Оваа година имаше измени во составот на Деканатска управа со измена на членовите согласно Статутот на Факултетот.

Така, Деканатската управа на Факултетот на седницата одржана на 26.08.2021 година донесе Одлуки бр. 0201 – 1129/4 и бр. 0201 – 1129/5 од 26.08.2021 година со кои го усвои Упатството за начинот на спроведување на тајното гласање за 49.седница на Наставно-научниот совет за избор на продекани на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје и Упатството за начинот на спроведување на тајното гласање за избор на раководители на Институти на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје.

Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје на својата 49.седница одржана на 6.09.2021 година со почеток во 11 часот спроведе тајно гласање за избор на продекани на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје за мандатен период од 3 година (2021-2024 година). По објавување на резултатите на Изборната комисија се констатира дека за продекани на Факултетот за мандатниот период 2021-2024 година се избрани проф. д-р Ксенија Илиевска, продекан за настава, доц. д-р Мирослав Ќосевски, продекан за наука и меѓународна соработка и проф. д-р Искра Цветковиќ, продекан за финансии.

Исто така, Стручните колегиуми на Ветеринарниот институт, Институтот за храна и Институтот за репродукција и биомедицина на оделни седници одржани на 7.09.2021 година спроведоа тајно гласање за избор на раководители на соодветните институти за мандатен период од 3

години (2021-2024 година). По објавување на резултатите на Изборната комисија се констатира дека за раководител на Институтот за храна е избран проф. д-р Деан Јанкулоски, раководител на Ветеринарниот институт е избран проф. д-р Кирил Крстевски и за раководител на Институтот за репродукција и биомедицина е избран проф. д-р Тони Довенски.

По извршениот избор се конституира новата Деканатската управа на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје во состав: проф. д-р Лазо Пендовски - декан на Факултетот, проф. д-р Ксенија Илиевска - продекан за настава, доц. д-р Мирослав Ќосевски - продекан за наука и меѓународна соработка, проф. д-р Искра Цветковиќ – продекан за финансии, проф. д-р Деан Јанкулоски - раководител на Институтот за храна, проф. д-р Тони Довенски - раководител на Институтот за репродукација и биомедицина, проф. д-р Кирил Крстевски - раководител на Ветеринарниот институт и Методи Илиески – претставник на Факултетското студентско собрание. (Одлука Ду бр. 0201 - 1212/1 од 9.09.2021 година)

Деканатската управа редовно ги подготвуваше и предлагаше актите и материјалите за прашања за кои одлуките се носеа од страна на Наставно-научниот совет или Деканот на Факултеот.

Анализирајќи ги седниците од Наставно-научниот совет, во најголема мера се разгледувани прашања поврзани со наставата, со научно-истражувачките активности на вработените, прашања поврзани со изготвувањето на студиските програми, избори и реизбори на наставен и научен кадар, пријави на докторски дисертации, усвојување на извештаи на рецензентски комисии, студиски престои, прифаќање апликации за проекти, избор на визитинг професори и стручњаци од практиката, се усвојуваа финансискиот план и се донесе завршна сметка (финансискиот годишен извештај) во рамките на единствениот финансиски план на универзитетот и консолидираната завршна сметка на јавниот универзитет, се носеа општите акти на факултетот, одлуки за организирање на собири, усвојување на стратешки документи за меѓународна соработка на факултетот со други институции и други одлуки во надлежност на ННС.

Тука особено би ги издвоил следните донесени општи акти кои исклучително влијаат на работата на органите и телата на Факултетот, и тоа:

- Одлука за правила на студирање на интегрирани студии од прв и втор циклус (додипломски студии) и на втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје – Факултет за ветеринарна медицина – Скопје (Универзитетски гласник бр. 554, 26 Јули 2021)
- Правилник за стратегиско управување со отпадот на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник Бр. 566, 20 септември 2021)
- Правилник за за стратегиско управување со ризици на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник Бр. 566, 20 септември 2021)
- Правилник за избегнување на судир на интереси на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник Бр. 567, 23 септември 2021)
- Антикорупциска програма (Универзитетски гласник Бр. 568, 01 Октомври 2021)
    - Политика за спречување на корупција на Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје при Универзитетот Св. "Кирил и Методиј" во Скопје
    - Прирачник за борба против корупција за сите инволирани лица на Факултетот за веетринарна медицина – Скопје при Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје
    - Годишен план за спречување на корупција за учебната 2021/2022 година на Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје при Универзитетот Св. "Кирил и Методиј" во Скопје.

- Одлуката за плати, надоместоци и додатоци на плати согласно Колективениот Договор за високо образование и наука (Службен весник на Република Северна Македонија бр.102/2021). (Одлука на ННС бр. 0202-1610/5 од 19.10.2021 година)
- Правилник за постапката и начинот на организирање на издавачката дејност на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. (Одлука на ННС бр. 0202-1610/6 од 19.10.2021 година)
- Правилник за условите, критериумите и постапката за доделување на награди и признанија од страна на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје при Универзитетот Св. "Кирил и Методиј" во Скопје. (Одлука на ННС бр. 0202-1610/7 од 19.10.2021 година)

На седниците на Деканатската управа се рагледувани прашања поврзани за јавни набавки, планот за јавни набавки, инвестициското и тековното одржување на Факултетот, донесување на разни процедури, одлуки за патувања на конгреси, конфренции, симпозиуми и сл., стручни усовршувања, учество на работилници, одлуки за набавка на книги, одлуки за членства во организации, одлуки за измена и дополнување на ценовникот на услуги во сите дејности на делување, одлуки поврзани со студентите на Факултетот и сл. Исто така, беа разгледувани барања и донесувани одлуки за надоместоци на вработените, како и барања на студентите за финансирање на дел од нивните програмски активности.

Согласно членот 122 од Законот за високото образование (Службен весник на РМ бр. 82/2018) и член 86 од Статутот на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје а со цел да се оствари соработка и доверба со јавноста, деловната заедница, професионалните комори и со други институции и здруженија на граѓани на подрачјето во кое ја врши високообразовната дејност и научно-истражувачката работа, како и за да оствари јавност и одговорност за вршењето на дејноста од јавен интерес Факултетот на седницата одржана на 14.09.2021 година донесе Одлука бр.

0202-1222/7 за избор на членови во Одборот за соработка и доверба со јавноста.

Исто така редовно се одржуваа седниците на Советот за докторски студии по Ветеринарна медицина и по Безбедност на храна каде беа разгледувани пријавите на изработени дисертации, беа предлагани комисии за оценка на семинарски трудови.

## 11. ЗАКЛУЧОК

Врз основа на наведените податоците во извештајот за работата на Деканот се потврдува дека реализацијата на програмата поднесена за избор на Декан на Факултетот за ветеринарна медицина - Скопје се реализира, а со превземените активности заедно со Деканатската управа а во врска со унапредување на дејностите на работа на Факултетот се постигнати исклучително значителни резултатати во сите полиња на делување (настава, наука и апликација) на Факултетот.

Деканот работата ја извршува врз основа на почитување на Законот за високото образование, Законските прописи од областа на финансиското работење во Република Северна Македонија како и актите и другите нормативи врз кои работат Универзитетот и Факултетот.

Високо се почитувани принципите на автономијата и академската слобода на вработените со запазување на принципите на правичност, трудољубивост, почитување и транспарентност во работата која гарантира интелектуална слобода на членовите на академската заедница и творечката природа на истражувачкиот и образовниот процес што е основа за иден развој на Факултетот во кој се вградени критериумите за вреднување на високо-образовни институции од областа на ветеринарната медицина.

Декан

Проф. д-р Лазо Пендовски

Република Северна Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
**Факултет за ветеринарна медицина - Скопје**

**Број 0202-1817/2**
**24.12.2021 година**

Врз основа на член 114 став 5 од Законот за високото образование („Сл. Весник на Република Македонија“ бр. 82/2018 и „Сл.весник на Република Северна Македонија“ бр. 178/2021) и член 62 и член 67 став 2 од Статутот на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 460/2019), Наставно-научниот совет на Факултетот на седницата одржана на 24.12.2021 година ја донесе следната

# О Д Л У К А
**за усвојување на Извештајот за работата на деканот**
**проф. д-р Лазо Пендовски за 2021 година**

1. Се усвојува Извештајот за работата на деканот на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје проф. д-р Лазо Пендовски за 2021 година.
2. Извештајот е составен дел на оваа одлука.
3. Извештајот да се достави до Ректорот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.
4. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

Врз основа на член 114 став 5 од Законот за високото образование („Сл. весник на Република Македонија“ бр. 82/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 178/2021 ) и член 67 став 2 од Статутот на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, деканот проф. д-р Лазо Пендовски поднесе до членовите на Наставно-научниот совет Извештај за работата за 2021 година.

Наставно-научниот совет на Факултетот го разгледа Извештајот и по спроведеното јавно гласање од вкупно присутни 34 членови на ННС, едногласно донесе одлука како во диспозитивот.

Декан,
Проф. д-р Лазо Пендовски

Доставено до:

1. Ректор на УКиМ
2. Проф. д-р Лазо Пендовски
3. Архива

**МКС EN ISO/IEC 17025**

Лазар Поп-Трајков 5-7, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
тел: +389 2 3240 700
факс: +389 2 3114 619
е-пошта: contact@fvm.ukim.edu.mk
http://www.fvm.ukim.edu.mk